## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 ноември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,16 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Силвана Бонева, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски, Иван Стоиљковиќ, Стојан Андов, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Бесим Догани, Флора Кадриу, Јован Лазарев, Радмила Шекеринска, Цветанка Иванова, Томе Чинговски, Маринела Тушева, Фијат Цаноски, Лилјана Поповска, Петар Поп Арсов, Томе Даневски, Павле Трајанов, Владимир Ѓорчев, Христина Рунчева, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Вулнет Ахмети, Талат Џафери, Феми Јонузи, Теута Арифи, Јулиета Марку, Имер Селмани, Сулејман Рушити, Амди Бајрам и Тахир Хани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и дописите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот за донесување на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За зборсе јавија: овластениот претставник на предлагачот Стојанчо Ангелов, господинот Бучковски Владо, господинот Диневски Менде, господинот Петров Андреј, госпоѓата Бендевска Весна, господинот Сугаревски Горан, госпоѓата Анастасова Станка, господинот Макрадули Јани, господинот Николов Марјанчо и госпоѓата Мираковска Соња.

Има збор овластениот претставник на предлагачите господинот Стојанче Ангелов, повелете.

**Стојанче Ангелов:** Почитуван претседателе на Собранието, почитувани пратеници, почитувани министри кои што не дојдовте на оваа седница на Собранието,

Вчера во 18,00 часот претседателот на Собранието ме извести дека денес ќе следи продолжението на 23-та седница, на која како единствена точка на дневниот ред остана Предлог законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили. Бев изненаден од експедитивноста со која претседателот излезе во пресрет на нашето барање, но сепак очекував дека ќе бидам известен барем неколку дена однапред за да може Здружението “Достоинство” соодветно да се подготви за седницата на Собранието. Во секој случај претседателе Ви благодарам што седницата не ја закажавте во 11,00 часот навечер.

Поради немање мислење од Владата, Законодавно-правната комисија и Комисијата за труд и социјална политика на Собранието, спротивно на одредбите од Деловникот на Собранието, одбија да расправаат за нашиот Предлог закон со што ни беше скратена можноста да дадам исцрпно образложение зошто ние припадниците на безбедносните сили нудиме токму такви решенија, да ни биде укажано на евентуални незаконитости, недостатоци, пропусти или претерувања.

На почетокот на расправата да укажам дека е невозможно за 15 минути да се даде исцрпно образложение со кое би ви ги предложил пред нашите предложени законски решенија.

На 22 јануари 2001 година, во 02,00 часот по полноќ со два проектила од рачен ракетен фрлач и автоматско оружје беше нападната Полициската станица Теарце. Еден полицаец е убиен, а тројца се ранети. Наредниот ден со коминике број 4 така наречената Ослободителна народна армија ја презеде одговорноста за нападот и предупреди дека нападот бил од ограничен предупредувачки карактер за македонските окупатори и дека униформата на македонскиот окупатор ќе биде напаѓана се додека Албанскиот народ не се ослободи. И почна. Вооружените борби помеѓу припадниците на безбедносните сили и вооружени лица со ознаки на Ослободителната војска на Косово станаа секојдневие. Специјални единици, борбени хелихоптери и авиони, тенкови, оклопни транспортери, топови, хаубици, минофрлачи, рачни ракетни фрлачи, фрлачи на гранати, митраземи, автоматски пушки, рачни бомби, војна, сето ова личеше на вистинска војна. Но дали навистина имаше војна? Што беше она во што ние припадниците на безбедносните сили секојдневно учествувавме?

Во зависност од карактеристиките во воената теорија можат да се сретнат различни видови на вооружени судири. За разлика од теоријата во Уставот на Република Македонија постои единствено поимот “воена состојба”. Воена состојба настапува кога претстои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или е објавена војна. Воена состојба прогласува Собранието. Доколку Собранието не може да се состане, воена состојба прогласува Претседателот на Републиката.

Неспорно е дека во Република Македонија имаше вооружени борби и борбени дејства. Неспорно е дека Собранието редовно ги одржуваше своите седници. Но воена состојба не беше прогласена.

Според Законот за одбрана, доколку не е прогласена воена состојба, припадниците на резервниот состав не смеат да учествуваат во борбени дејствија. Затоа резервистите добиваа покани со кои беа повикувани на воени вежби, но наместо на вежбовен полигон каде што вообичаено се одвиваат вежбовните активности, тие завршуваат директно во зоните опфатени со борбени дејствија. Доколку не се јавеја на поканите за мобилизација, ризикуваа да завршат во затвор. Со закана со затвор државата ги мобилизираше резервистите кои немаа избор.

Но за да биде иронијата поголема, по демобилизирањето во воените книшки им се запишуваше дека учествувале на воени вежби.

Според Законот за внатрешни работи, во услови на воена состојба, припадниците на полицијата се мобилизираат и ангажираат за извршување на борбени задачи. Според Законот за одбрана, во воена состојба полицијата може да биде употребена за извршување на борбени задачи.

Во 2001 година во Република Македонија имаше борбени дејствија, но воена состојба не беше прогласена. Имајќи ги предвид одредбите од претходно споменатите закони, се наметнува заклучок дека полицијата не само што не беше должна, туку не ни смееше да извршува воени дејствија, а мораше.

Се поставува прашање колкава е можноста некој полицаец да биде повреден, да биде ранет или да загине вршејќи типично полициски работи, а колку пати таа можност се зголемува доколку полицаецот извршува борбени задачи. Како и да е, во 2001 година поголем дел од припадниците на безбедносните сили, спротивно на тогаш важечките закони учествуваа во вооружени дејствија против албанските вооружени екстремистички и паравоени групации. Целта на албанските вооружени екстремистички и паравоени групации беше да ја нарушат независноста на Република Македонија, да отцепат дел од територијата на Република Македонија, да го нарушат територијалниот суверенитет на Република Македонија и насилно да ги урнат демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Господине Стојанче Ангелов, ве молам по самиот закон, по одредбите на законот зборувајте.

**Стојанче Ангелов:** Господине претседателе, само да ве потсетам дека во постојниот Предлог закон ги има овие општи одредби, па морав да се осврнам на нив.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам, задржете се на одредбите од законот.

**Стојанче Ангелов:** Во ред, благодарам.

При изработката на нашиот Предлог закон се погриживме со предвидените права да се здобијат само оние припадници на безбедносните сили кои реално зедоа учество во одбраната на суверенитетот на Република Македонија во периодот на непосредна загрозеност на Република Македонија. Овој период на непосредна загрозеност на Република Македонија започна на 22 јануари 2001 година со нападот на Полициската станица Теарце. После овој напад, така наречената ОНА во континуитет продолжи со преземање на подготвителни и борбени дејствија. Периодот на непосредна загрозеност на Република Македонија траеше се до завршувањето на Мисијата “Неопходна жетва”. Со Законот за амнестија се амнестираат вооружените екстремисти кои се разоружале заклучно со 26 септември 2001 година.

Во овој период, одзивот на мобилизацијата во Армијата на Република Македонија беше помал од 30%. Избегнувањето на мобилизацијата, бројот на лажни боледувања и разни други начини на избегнување на учество во вооружените дејствија и кај резервистите и кај професионално вработените припадници на полицијата и Армијата беше алармантен. Откако борбите завршија, се јави навалица на лица кои сакаа да ја бранат Македонија, истите оние кои претходно се криеја сега на секој можен начин се обидуваа да заминат на терен, се разбира, со чест исклучоци.

Од овие причини, ние предвидуваме со нашиот Предлог закон да се стекнат со права само оние припадници на безбедносните сили кои учествувале во одбрана на суверенитетот на Република Македонија во периодот кога за Македонија се гинеше и тоа само во зоните во кои се одвиваа борбените дејства. Овие припадници на безбедносните сили се наоѓаат во прва категорија како непосредни учесници во вооружените дејствија и според наши проценки се помалку од 6 илјади луѓе, а не 30 илјади како што можевме да слушнеме дека се шпекулира во јавноста во овој период. Во втората категорија според нашиот Предлог закон спаѓаат оние припадници на безбедносните сили кои во периодот на непосредна загрозеност на Република Македонија се јавиле на поканите за мобилизација, меѓутоа, не биле во зоните со борбени дејствија туку останале во кризните региони. Во третата категорија спаѓаат оние припадници на безбедносните сили кои во овој период на непосредна загрозеност на Република Македонија се јавиле на поканите за мобилизација, но не по нивна вина не биле распоредени во кризните региони.

Правата кои ги предвидуваме за втората и третата категорија се навистина симболични.

За да спречиме нашите непријатели од 2001 година да се стекнат со права предвидени со овој закон, во посебен член предвидуваме лицата кои биле припадници, помагачи или соработници на вооружените екстремистички паравоени групации, како и нивните семејства, да не можат да остварат права според овој закон. Права утврдени

со овој закон не можат да остварат ниту дезертерите од нашите редови.

Со оглед дека имав да се подготвам само една ноќ, уморен сум, ќе ми простите.

Јас сеуште не можам да сфатам како е можно за овие седум месеци и 20 дена, колку што помина откако Здружението “Достоинство” го предаде текстот на законот во Собранието на Република Македонија, ве потсетувам тоа беше 31 март оваа година, не се јави ниту еден пратеник ниту од позицијата, ниту од опозицијата да побара да дообразложам некои евентуално спорни моменти, да објаснам што ние припадниците на безбедносните сили бараме, зошто тоа го бараме да ни се укажат дали и каде во нашите барања претеруваме. Молкот од пратениците го сфаќавме само како поддршка на нашиот Предлог закон и теравме понатаму. А сега против нас повторно, по кој знае кој пат, започна да работи пропагандната машинерија. Некој се обидува да ја убеди јавноста дека нашите барања ќе ја банкротираат државата. Но се додека има новинари кои својата професија ја сфаќаат како да е најстарата професија на светот, ќе трае и новата хајка против нас која започна овие денови. Малку ли ни беа сите понижувања на кои константно сме изложени од 2001 година наваму за сега да ни се нанесуваат нови и нови неправди и понижувања. Ако сме непожелни во оваа држава, ако некому пречиме, кажете ни, ние ќе се снајдеме. Повредени и понижени, но лути и бесни со зачувано достоинство, за разлика од сите досегашни државни раководства, има и луѓе кои знаат да го почитуваат она што ние го направивме за нашата татковина во 2001 година. Има и луѓе кои знаат да го ценат и нашето борбено искуство.

Затоа, апелирам до сите пратеници кои мислат дека нашиот Предлог закон навистина ќе чини премногу да се јават за збор, да ни укажат кои наши барања ќе го оптоварат Буџетот дури за 25% и јас како овластен претставник на иницијаторот сега веднаш ќе ги повлечам тие барања. Изгласајте ги само оние барања кои нема да го оптоварат Буџетот, а такви во Предлог законот има повеќе. Во спротивно, нема да можам да се отргнам на чувството дека нашиот Предлог закон нема да биде изгласан само за да не се налутат вооружените екстремисти против кои се боревме во 2001 година, вооружени екстремисти кои сакаат да отцепат дел од македонската територија, кои се виновни за страдањата на Македонскиот народ, а кои сега седат во Собранието на Република Македонија и да биде иронијата поголема, ќе одлучуваат за нашите права, за правата на оние кои ја бранеа државата. Сметам дека ваков апсурд не постои никаде во светот.

Меѓутоа, не губете го од предвид фактот дека пред два дена почесниот претседател на ПДП господинот Невзат Халили се промовираше како претседател на Република Илирида и притоа великодушно нагласи дека Република Илирида ќе биде дел од идната унија во која ќе влезе и Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Господине Стојанче Ангелов, ве молам по самиот закон зборувајте, немојте политика.

**Стојанче Ангелов:** Ова е по самиот закон.

Да не ја повториме грешката од почетокот на 2001-та, кога во име на релаксираните меѓуетнички односи се отфрлаа безбедносните предупредувања, а потоа оние кои не сакаа да им веруваат на безбедносните служби се чудеа што тоа нам ни се случува, од каде сите тие ровови, сето тоа оружје и муниција.

На крај да изразам благодарност до пратениците на Социјал демократскиот сојуз на Македонија кој како носител на парламентарната опозиција во повеќе наврати досега искажа безрезервна поддршка на нашиот Предлог закон. Истовремено да изразам надеж дека и пратениците на Внатрешната македонска револуционерна организација - Демократската партија за македонско национално единство, заедно со своите коалициони партнери ќе дадат целосна поддршка на нашиот Предлог закон и со тоа вистински ќе допринесат да се засили македонското национално единство.

Што се однесува до нас, припадниците на безбедносните сили ние секогаш ќе бидеме подготвени да ја браниме нашата татковина затоа што ние немаме резервна татковина, затоа што Македонија ни е се што имаме.

Да живее Македонија, да живеат припадниците на безбедносните сили.

Ви Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Би замолил од Вас објаснување дали согласно членот 140 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, стариот Деловник, имаме доставено мислење од Владата по однос на овој Предлог за донесување на закон бидејќи овде јасно стои дека Владата Мислењето по Предлогот за донесување на закон по правило го доставува до Собранието најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело. Ние немаме информација дали е доставено мислење од страна на Владата.

И втората, оваа сугестија е до Вас, би Ве замолил со цел да не се одолговлекува вниманието од денешната расправа, во текот на вчерашниот ден на еден од националните медиуми во Република Македонија беше емитуван прилог во кој што беа навредувани пратениците во Собранието на Република Македонија посебно припадничките на женскиот пол. Би ве замолил да го проверите ова и доколку е вистина да преземете соодветни мерки во најмала рака претставникот на тој медиум да се извини бидејќи навредите беа многу лични и не доликуваат на еден медиум кој што има национална концесија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

По однос на првото ваше укажување морам да кажам дека од страна на Владата нема добиено мислење и јас проверив во службите, досега има 11 закони кои што се разгледувани и носени се без мислење на Владата. Согласно одредбите од Деловникот на Собранието на Република Македонија пожелно е да има мислење од Владата, затоа и досега чекавме, но не можеме бескрајно да чекаме. Со оглед на тоа дека нема мислење а барањето беше од овластениот претставник преку медиумите повикуван бев јас два пати како претседател на Собранието два дена да ја продолжам седницата, со оглед на нивното барање јас ја закажав денеска седницата иако нема мислење од Владата.

По однос на второто јас ќе проверам за што се однесува тоа, навистина искрено немам гледано и со оглед на тоа ќе провериме.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван предлагач,

Уште на стартот би сакал да кажам дека нема дилеми онака како што беше чесен Социјал демократскиот сојуз на Македонија и за време на изборната кампања за последните избори кога даде безрезервно поддршка на иницијативата која ја водеше Здружението "Достоинство" и денеска ќе останат до крај достоинствени, ќе го поддржат Предлогот кој беше образложен претходно.

Почитуван претседателе мислам дека нема потреба од нервоза и ...

**Трајко Вељаноски:** По што гледате нервоза?

**Владо Бучковски:** Нема потреба од нервоза. На неколку пати мислам дека беше недостоинствено од ваша страна кога се обидовте да го корегирате господинот Ангелов.

**Трајко Вељаноски:** Моја должност е, согласно одредбите од Деловникот да реагирам.

Продолжете.

**Владо Бучковски:** Дајте да ја погледнеме реалноста в очи.

Овој закон Република Македонија требаше да го донесе не денес, требаше да го донесе пред неколку години. Дајте секогаш да не се задскриваме зад проблемите што ги има Република Македонија со тоа што тогашната АНА односно ОНА се трансформираше преку политичко движење во политичка партија и сега е релевантен политички субјект во нашата држава. Тој субјект очекував дека ќе најде во меѓувреме простор да го поддржи предлогот на бранителите, имајќи во предвид дека се инсистира постојано, независно дали се дел од власта со СДСМ или денес со ВМРО ДПМНЕ да се решат и проблемите на поранешните припадници на ОНА. Ако сакаме да градиме општество во кое ќе извлекуваме поука од минатото, ако сакаме конечно да дојде до национално помирување, не можеме да ги лечиме нашите фрустрации со тоа што ќе се удираме во гради во предизборието, а кога ќе дојде конкретен предлог како денес колегите од ВМРО ДПМНЕ повторно да заборавaат на минатото.

Почитувани колеги јас сакам да ве потсетам дека дел од вас во 2001 година инсистираа да биде прогласена воена состојба, кој е клучот на проблемите кои денеска го имаат над 30 илјади припадници на тогашните безбедносни сили. Да беше прогласена воената состојба, евидентно е дека ќе ги немавме овие социјални или статусни проблеми, но од друга страна и факт е дека ќе ја немаше Република Македонија. Во тоа време победија силите кои се обидуваа на политички начин да биде решена кризата. Но додека политичарите предолго се договараа и преговараа некој на теренот гинеше. Некој остана инвалид, некој остана со трауми, некој како во случајот на припадниците на Армијата на САД кои го влечеа виетнамскиот синдром, го влечат денеска синдромот од борбите на Тетовското кале, во Арачиново, во Ваксинце и во Матејче. И со тоа треба да се соочиме. Како што треба соочиме дека во таа вооружена 2001 година, во таа конфликтна 2001 година и од другата страна припадниците на поранешната ОНА исто така оставија зад себе семејства незгрижени, оставија дел од нив семејства во кои во неколку наврати и предходната Влада и оваа им излага во пресрет. Не преку закон, туку преку социјалната помош од Министерството за труд и социјална политика.

Ценејќи ги сите околности нема ниту една добра причина Владата да не го разгледа сериозно предлогот кој денеска ние треба според мене, безрезервно да го поддржиме сите, па дури припадниците на најголемата Албанска политичка партија во овој момент. Ако сакаме да демонстрираме на дело, дека сакаме конечно да дојде до национално помирување. Се додека лебди во воздух, дека некој иако не ги оствари своите првични цели, преку оружје во рака, оствари политички цели, а оние кои во име на државата Република Македонија беа повикани да го бранат нејзиниот територијален интегритет и суверенитет, денеска се фрлени некаде на маргините на нашето општествено живеење.

Незамисливо е во сериозна држава, која во Уставот пишува дека е социјална држава, никој да не побара од овие луѓе да ги дефинираат своите приоритети. И никој да не излезе до сега со сериозен законски проект кој ќе ги реши нивните проблеми. Денеска, бидејќи тоа не го направи државата, го направија со поддршка на повеќе од 10 илјади граѓани, припадниците на тогашните безбедносни сили, кои, да ве потсетам, заради тоа што не беше прогласена воена состојба и обврската за служење во резервниот состав на Армијата и на Полицијата не беше задолжително, се користеа тогашните законски решенија и максимум до 30 денови беа повикувани да служат во резервниот состав на Армијата или Полицијата. А, бидејќи отповикот на нови резервисти беше таков, како што говори генералот Ангелов, во просек околу 30%, се отиде на ад-хок решение, на тие припадници на

безбедносните сили да им бидат понудени договори за дело. Договори за работа се додека трае воениот конфликт, вооружениот судир.

И, мора да признаеме дека близу 30 илјади граѓани на Република Македонија, етнички Македонци, Срби, Власи, Бошњаци, за жал не и етнички Албанци учествуваа во резервниот состав на Армијата и полицијата. Во меѓувреме, само со еден обид, во времето на 2002 година, тоа беше Владата на ВМРО ДПМНЕ и ДПА како владеачка структура, беше донесен законот со кој што беше регулиран дел од статусот на припадниците на безбедносните сили во делот на нивното решавање на станбеното прашање и во делот на помош на нивните семејства, пред се во образованието што, очигледно, не го реши проблемот.

Затоа, почитувани колеги би ве замолил внимателно да ги погледнете законските решенија што денеска . . .

Почитуван претседателе и атмосферата покажува дека нема . . .

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги да го сослушаме колегата. Повелете.

**Владо Бучковски:** Значи, апелирајќи на вашата совест не бараме да се конфронтираме. Како и претходно што не прифаќаше, пред се ВМРО ДПМНЕ да се конфронтира за други социјални теми како што беше статусот на стечајците, се сеќаваат и тие, затоа што дветретини од поранешните пратеници се овде, добивте наредба за 5 секунди да ја напуштите салата и ја напуштивте. Сега имате наредба да молчите. Но, додека молчите, обидете се да се ставите во кожата на овие 30 илјади припадници на Армијата на Република Македонија и на Министерството за внатрешни работи. Затоа што дел од вас, велам дел, затоа што дел од вас не се овде, мислеа дека е тоа детска игра. И, се сеќавам на една епизода, тоа беше операцијата во Арачиново, каде што одеа на највисокиот кат од хотелот "Белви" со двогледи да гледаат како тоа припадниците на Армијата и Полицијата го освојуваат успешно или неуспешно Арачиново. И да се удираат тогааш во гради и да се прават дека се големи Македонци.

Сега, кога наместо да се гледа сеир, треба нешто да се направи за тие луѓе, никој нема храброст, видов во листата, од ВМРО ДПМНЕ да стане и да каже барем да го погледне генералот и да рече - генерале, заради ова, ова и ова, вие не ја добивате вашата поддршка. Срамно е некој да лиферува информации дека ќе банкротира државата. Срамно е некој без сериозна пресметка да тврди дека за решавање на нивните проблеми требаат 300 милиони евра. Тоа е лага. Требаат многу помалку пари. Пред се треба многу добра волја, пред се треба а се има план и од нивниот список на 10 барања да се каже, за ова, половина од барањата не требаат ни средства. Па не требаат средства. Тоа се некои нивни претпоставени приходи, ако бараат доживотно да имаат бесплатна здравствена заштита.

Па тоа им го должиме. Ајде да погледнеме што се прави во една Хрватска. Еден од потпретседателите на Владата, госпоѓата Косор наназад 6-7-10 години е надлежна за решавање на проблемите на поранешните припадници на безбедносните сили на хрватската држава. Зошто ние да се задскриваме зад партиските ставови што никој јавно не ги дефинирал. И, да не пријдеме кон решавање на овој проблем. Но, не да ги нарушиме односите меѓу македонската и албанската етниучка заедница. Туку и ова да го сфатиме како начин на помирување. Не може да има искрена соработка, освен оваа соработка што е, практично да не се лажеме, оваа сервилност што ја демонстира ДУИ нема ништо со каузата за што дел од нив во 2001 година ги почнаа битките за, условно речно, повеќе права. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика господинот Алити Рафис, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе.

Навистина очекував многу повеќе од господинот Бучковски да говори во оваа насока. Неговиот говор го заврши со еден збор што не држи, што не е реален, особено кога кажа дека ДУИ е послушна или сервилна кон сето ова.

Велам не држи, бидејќи длабоко сум убеден дека и тој е свесен дека нештата не стојат така. Но, како и да е, господине Бучковски, не може со еден закон, вака понуден закон да имаме помирување, како што се потруди да кажеш во твојата дебата.

Се знае како се прават помирувањата. Страните треба да бидат на исто рамниште, а не некому, како што рековте вие, да му се понуди социјален пакет, иако социјални пакети не се понудени на припадниците на ОНА или на членовите на нивните семејства. Реалноста е сосема поинаква.

Јас сум длабоко свесен дека и вие ова нешто го знаете, но еве сакате да го поминете на тој начин како што вие сакавте, како што кажавте.

Секогаш сме биле и ќе бидеме за тоа дека треба да се донесе закон, било за припадниците на безбедносните сили, било за припадниците на ОНА. Или пак за нивните членови. Не за припадниците, туку за членовите на нивните семејства. За воените инвалиди. Затоа што и тие се граѓани на Република Македонија.

Господине Бучковски, тргнувајќи од вас, не може со двоен аршин овие проблеми да се решат. Овие проблеми бараат посериозен пристап. Навистина да има поддршка од сите пратеници присутни во ова Собрание. Само на овој начин ќе се постигне помирувањето што вие го спомнавте малку претходно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Алити,

Неколку пати спомнувам за сериозноста на ДУИ. До сега никој не реагираше. Вие сте првиот кој реагираше и драго ми е што е така.

Ако не сте сервилни, очекував барем вие да соберете повеќе храброст од ВМРО ДПМНЕ и да го поддржите овој закон. Тогаш ќе имате легитимно право и ќе ја барате нашата поддршка. Ние ќе ве поддржиме, да ги решиме проблемите и со поранешните припадници на ОНА кои оставија семејства без главата на семејството, кои останаа воени инвалиди, или кои останаа во длабока сиромаштија, како што се 70% од граѓаните на Република Македонија. Се додека тоа не го направите јас и понатаму ќе тврдам дека сте сервилни кон ВМРО ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Почитуван предлагачи, почитувани колеги,

Донесувањето на законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства е нормален тек на една активност што ја презеде Здружението на безбедносните сили "Достоинство".

Во мај о.г. "Достоинство" ги повика граѓаните на Република Македонија да дадат поддршка на нивната граѓанска иницијатива, бидејќи се работи за закон што ги регулираат проблемите и правата на оние кои ја бранеа оваа држава во 2001 година и оние кои се подготвени повторно да застанат во одбрана на оваа држава. Припадниците кои учествуваа во одбраната на суверенитот на Република Македонија, со Законот што беше донесен во 2002 година и измените на истиот во неколку наврати, се стекнаа со повеќе права, како што се предност при запишување во високо образовни установи без партиципација и на невработените припадници на безедносните сили под еднакви услови, да добијат предност при вработување во државната администрација.

Членовите на Здружението "Достоинство" во изминатите години презентира низа на барања, што согласно постапката што ја спроведоа, истите барања ги преточија во предлог на законско решение за чија подготовка, од она што го видовме од медиумите, не ја добиле владината поддршка. Кое барање доби повеќе или за кое барање дадоа повеќе од 30 илјади граѓани на Република Македонија свои потписи во подрачните единици на Министерството за правда.

Оттука, во најмала рака е несериозен односот на Владата и на парламентарното мнозинство кои се обидуваа во изминатиот период, преку ситни финти да го одложат донесувањето на законот.

Со прекинувањето на 23-та седница на Собранието на Република Македонија со образложение дека нема мислење од Владата, дека нема точна финансиска пресметика итн., беа само покритие за купување на време и обид да се убедат од Здружението на безбедносните сили "Достоинство" да се откажат од Предлогот на законот и да прифатат предлог што ќе им го понуди Владата на Република Македонија. Во меѓувреме требаше да следи конечно договарање помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ за задоволување на сите барања што се ставени на маса и сите во ова Собрание требаше да бидат среќни и задоволни, а Владата на своето конто уште еднаш да прокниж уште неколу поени.

Целиот овој циркус што се правеше во изминатиот период со преговори и состаноци, со договарања и разговарања, ова може, а ова не може, личеше на оној од пред "Жена Парк" каде се отстрануваа шаторите за на крај стечајците повторно да останат со кратки ракави. Но, бидејќи Здружението издржа во своето барање, конечно сите медиуми, преку прес конференцијата на Здружението ја запознаа јавноста со вистинските причини зошто се прекинуваат преговорите со Владата. Ги прекинаа преговорите бидејќи заклучиле дека нивниот предлог е сфатен несериозно и дека продолжувањето на преговорите е само губење на време, од една страна. Но, исто така, основните причини за одбивање на Предлогот на законот е затоа што Владата не го прифати нивниот Предлог-закон заради наводното големо временско растојание од завршувањето на вооружените дејствија во 2001 година, наводната финансиска неодржливост и евентуалните проблеми со ДУИ.

Почитуван предлагачи на законот,

Првите два изговори не сакам да ги коментирам, бидејќи оваа Влада има пари за се во Буџетот освен за тоа што треба. Има многу пари за безброј реклами и кампањи, луксузни хотели, дасвање хонорари, шетање низ светот без никаков ефект, но никогаш нема пари за бранителите, нема пари за поддршка за Законот за енергетска сиромаштија, за течајците и за социјалните случаи.

Но, мислам дека третиот изговор всушност е вистинската причина зошто овој закон не треба да биде поддржан, а тоа е коалицијата помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ и голата борба да се опстане на власт, колку што е можно повеќе. Но, како што поминува времето, бидете сигурни дека граѓаните на Република Македонија се повеќе ќе увидат со кого си имаат работа, и колку се искрени намерите на оваа Влада да ги решат нивните проблеми.

Ако веќе Владата го одбила предлогот, како што беше соопштено на прес-конференцијата, зошто тоа не им го соопшти и на пратениците во ова Собрание? Зошто секогаш кога се работи за жешки теми ова Собрание ги закажува седниците во 23,00 часот, без мислење на Владата, без да добиеме соодветно време за да знаеме за што всушност се разговарало и договарало, туку секогаш се сведува на шпекулации. Тоа да помине току брзо, toклу задскриено за поголем дел од јавноста истото да не го види и да не го слушне.

Но, колку и да говориме за вашата коалиција е изгубено време, а со оглед на тоа дека имаме само 10 минути на располагање, ќе се обидам да се задржам малку на Предлогот на законот и да

дадам поддршка на истиот, исто онака како што дадовме кога се собираа потписите.

Како едно од барањата за донесување на овој закон е големиот процент на членови на безбедносните сили кои со постојниот закон не се опфатени, како регулирање на посебните социјални права што им се загарантирани со Уставот на Република Македонија, исто така и најчувствителниот момент, надомест за нематеријална штета за воените инвалиди, како и многу ниската висина на надомест за семејствата на загинатите и починатите припадници на безбедносните сили.

Од тие причини, семејствата на загинатите и починатите припадници на безбедносните сили поведоа низа судски спорови што на крајот завршија со пресуда во корист на Министерство за внатрешни работи и АРМ, со што се задолжија семејствата на загинатите и починатите припадници да враќаат средства што ги добиле како надомест за нематеријална штета со законска затезна камата.

Предлог - законот, меѓу другото има за цел немирот што го имаат семејствата на загинатите и починатите припадници, потресени со загубата на своите синови, сопрузи и татковци, со дополнителен стрес за враќање на веќе одобрените потрошени пари земени по основ на нематеријална штета да се надмине.

Татковци со дополнителен стрес за враќање на веќе одобрените и потрошени пари, земени по основ на нематеријална штета да се надмине. Предлогот на закон ги презема одредбите од постојниот Закон со проширување на правата за лицата за кои тие права со постојниот закон не биле уредени. Посебните права кои се утврдени со овој закон се однесуваат и на членовите на семејствата на припадниците на вооружените сили на поранешната СФРЈ и на припадниците кои ги загубиле животите во воени и моровни операции надвор од територијата на Република Македонија.Предлогот законот многу поими ги превзема од постоечкиот закон, така да на Владата не и требаше многу време за истиот да го разгледа, но исто така го определува значењето и на други поими. Со законот припадниците се поделени на три групи. Се бараат дел од ослободување од користење на здрвасвтена услуга итн., што мислам дека на крајот на краиштата ако сериозно се пристапеШе кон разгледување на овој Предлог закон, убеден сум декаљ ќе се најдеШе заеднички јазик и со Здружението и со посоечкиот закон кој што го имаме, за да на крајот на краиштата се затвори ова прашање.

Почитувани, припадниците на безбедносните сили се лица кои се врвни експерти, специјалисти во своите обалсти, со непроценливо практично искуство, со постигнати евидентни резултати кои не треба да ги потцениме. Како држава треба да се обидеме овие фундаментални вредности на владеењето на правото, стручноста, резултатите, професионализмот да бидат основен критериум за напредок во кариерата. Доколку се почитуваат овие вредности Ќе имаме поззитивно влијание врз мотивационите способности на припадниците на МВР и АРМ.

На крај очекувам дека сите оние кои во изминатиот период давале ветување на претставниците на Здружениeто Достоинство, а кои седат во ова Собрание да дадат подршка за овој закон за да се задоволи правдата, а не само да седиме во кулоарите и во фоајето да ги убедуваме припадниците дека само што не дошол моментот да ги реализираме нивните барања и да се даде подршка на овој закон. денес ќе се види кој кого лажеше во изминатиот преиод. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Колеги пратеници, почитуван генерале претставник на предлагачот, сакам да го искажам своето мислење во однос на предложениот предлог за донесување на законот.

Да тргнам од она што е мој впечаток дека ние на жалост не научивме да ја цениме сопствената историја каква и да е таа и ми текнува на еден настан пред кратко време кога со потпретседателката на Собранието на Француските гробишта им одаваме почит на загинатите војници на Армијата на Ориентот за нешто што се случило пред многу години, а Француската Република испрати свој луѓе на највисоко ниво. Оттаму претставници на диполматскиот кор, претставници на државата, сите ние се поклонивме пред луѓето кои многу одамна ги положиле своите животи за некаква прогресивна идеја. Во овој случај немаме доблест да се поклониме пред нашите луѓе кои не по своја вина, туку со своја чест, со патриотско чувство се бореа за Република Македонија. Почитувањето и ценењето на историјата е основа за да се надоградува државата. Инаку само декларативно ќе се повикуваме на патриотзмот како главен квалитет кои треба да го имаат сите граѓани на Република Македонија. Исто мислам дека не ценењето на една иницијатива која ја потпишале 32 илјади луѓе можеме да дебатираме за, некои тоа е можеби мала бројка, јас мислам дека се работи за една солидна бројка на луѓе која со овој предлог кој го дава тука покажува дека стои позади овие луѓе припадниците на безбедносните сили на Република Македонија кои во најтешките моменти за Република Македонија, кога многумина ги заклучуваа своите врати, кога многумина се криеја во различни градови, кога многумина беа и надвор од државата смогнаа сили, смогнаа храброст да се борат за сопствената земја. Голем дел од нив беа изложени на она што секоја војна или секое дејствие од таков тип го нос. во одбраната на суверенитетот на Република Македонија загинаа 67 припадници на безбедносните сили, ги загубија животите. Тие луѓе имаат свои семејства, тие луѓе имаат свои блиски, свои пријатели, должни сме да

се респектираме. Меѓутоа не се само тие. Од безбедносните сили се соочија со работи од кои дел останаа инвалиди, ранети повредени, дел, како што зборуваше еден од колегите, го добија виетнамскиот синдром, во овој случај македонскиот синдром кој по незнам по кој пат се повторува и голем дел од нив не можат да одговорат денеска на предизвиците на животот и на сето она што животот го бара во секојдневното соочување со проблемите.

Би сакал да истакна дека во разговорите кои ги имавме интересирајќи се за овој закон, дојдовме до различни податоци за тоа колку луѓе всушност треба да бидат опфатени со овој закон. Јас сакам да дебатирам токму на тоа. Според проценките и анализите кои ние ги направивме се работи за околу 6 илјади луѓе, не се работи за бројка од 30 илјади луѓе како што во повеќе наврати од медиумите имавме можност да чуеме. Веројатно за да оваков еден предлог успее треба да се покрене дебата и верувам дека предлагачите ја иницираа со Владата и да видиме кои се оние одредби кои Владата смета дека не може да се спроведат кои би имале такви финансиски импликации кои ги спомнуваат и кажуваат и во еден дијалог, во еден разговор да тоа се отстрани и да оваков закон како еден императив кој ќе покаже дека сите оние кои во иднина ќе се борат за суверенитетот и интергитетот на Република Македонија нема да доживеа да бидат маргинализирани, нема да доживеат да бидат понижени, нема да доживеат оние кои треба да ги почитуваат да го немаат ни основниот респект да разговараат и да бараат решание за нивните проблеми и за нивната душевна болка.

Сакам да го запрашам тука претсавникот на предлагачот. Дебатираме тука околу сумата на средства која е потребна за овие намени.Читам во медиумите според Владата тоа се некаде околу 300 милиони евра кои треба да се трошат за таа намена. Проценките кои ние ги правиме по пратеничката група укажуваат дека тоа би чинело некаде околу 7 милиони евра. Меѓутоа, исто така би сакал да ве запрашам бидејќи доколку само парите се проблем за да не се подржи еден ваков закон дали сте спремни да се откажете од дел од работите кои ги барате на финансиски план, за да се реализираат овие барања јас ги сметам за суштествени и ќе ви кажам на што мислам. Мислам на членот 42 ставот 1 каде што барате припадниците на безбедносните сили да бидат распоредени на истите оние места што беа распределени пред конфликтот. Тоа не бара пари, тоа бара добра волја, значи го сметам за суштинско барање и едноствано го сакам вашето мислење дали вие сте спремни да разговарате за такви работи, да учествувате во еден таков вид на модификацја Предлог на закон. Исто така сакам да ви поставам како дилема она што сметам дека во член 40 на што се однесува на она што го барате, канцеларија, возила итн., бидеќи е нејасно оној што можеби би го читал овој закон би добил лажен впечаток дека барате некакви привилегии за себе. Јас сметам дека барате обични простории за да можете да фунционирате како здружение е верувам дека имаме можност да разговараме и такво нешто треба да се даде.

Исто така факт е дека со овој закон одредена група на луѓе ќе добијат можности ако се усвои во Собранието, јас верувам дека колегите од позицијата ќе смогнат сили да го подржат со што на некој начин нема да им се надомести она што го изгубиле. Не можете да вратите назад еден човечки живот, ниту не можете да ги вратите телесните повреди и душевната болка која што ја претпрпеле, меѓутоа можете со почитување да покажете дека Република Македонија од највисоко ниво од овој Парламент туку ги респектира луЃето кои се бореле за неа .

Мотивиран сум за дискусија бидејќи често пати пешачејќи туку во градот покрај кејот среќавам еден од вашите водечки луѓе припадниците на припадниците на безбедносните сили, тогаш специјалните единици, на моето прашање, го гледам дека трчам и тренира постојано, зошто тоа го правите секојдневно неговиот одговор беше краток, господине Петров јас сум професионалец без разлика на се јас работам за интересите на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Господине Стојанче Ангелов за збор или реплика сте пријавени?

Има реплика господинот Стојанче Ангелов, повелете.

**Стојанче Ангелов:** Реплика или поточно дообјаснување. Дали сме спремни да се откажеме од дел нашите барања, како што веќе реков да. Кажете кои наши барања ќе го банкнотираат буџетот на Република Македонија веднаш денес на оваа седница јас како овластен претставник ќе ги повлечам и ќе ја преземам целата одговорност.Понатаму би сакал да запрашам колку ќе ја чини државата доколку одликува некој припадник на безбедносните сили кој што ја бранел оваа држава во 2002 годин. Затоа што ниту еден прпадник на безбедносните сили од 2001 година не е одликуван со никаков медал. За разлика од нашата држава припадниците на волците и на шкорпионите кои заминаа во мировни мисии во Иран и Авганистан со полно медали ги добија највисоките одликуваања кои што може да ги добие еден странски војник кој што оди во странска мисија од Владата на САД . Значи колку ќе чини доколу Владата на САД, значи колку ќе чини доколку некој биде одликуван. Образложенијата дека одликувањата се регулирани со посебен закон и дека претседателот е надлежен за одликуваањата ние го прифаќаме ова образложение. Меѓутоа бараме овој дел да помине во нашиот предлог закон и тогаш тоа ќе бидат облигаторни за претседателот на државата кој ќе мора во согласност со кој закон што се надевам дека вие денес ќе го донесете мора да одликува. Зарем ниту еден прпадник на безбедносните сили на Република Македонија во 2001 година не направи некое храбро или јуначко дело. За членот 42 каде што се работи за

деградирање, овде морам да кажам дека кога настана прогон и деградација на бранителите, меѓутоа дел за жал дел од таа деградација продолжи и со доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ на власт во 2006 година. Колку ќе ја чини државата доколку оние кои што беа деградирани на десетина пониски работни места се вратат на соодветни работни места, колку ќе ја чини државата, дали ова барање ќе ја банкнотира државата. Колку за илустрација јас и ден денес сум помлад инспектро за кражби. Иако работев 7 години во тигрите, цел живот се занимавам со боречки вештини и 7 годинио работев на обука на новие тигри.

Понатаму, онаа информација што вчетра се јави во некои медиуми дека ние бараме возила, канцеларии, да кажам дека ние бареме само една најобична канцеларија во Министерство за внатрешни работи ил во АРМ, со едно наобично биро, копмјутер и телефон и едно обично возило, ништо повеќе од тоа и бараме секретар кој ќе може да ги прими сите овие повици на кои јас веќе не сум во можност да одговорам, бидејќи стотина повици секојдневно имаме. Ние немаме никакви услови ниту финансиски средства. Во Хрватска има посебно министерство за бранители што се грижи токму за оваа категорија на луѓе. зарем ние не заслуживме едно биро и една канцеларија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има реплика госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Мислам дека најмалку се во праШање парите, многу е поважна политичКата волја за да се излезе во пресрет на барањата на припадницитре на безбедносниет сили, затоа што не дека точно дека париво буџетот нема. Пари има. Само да ве потсетам дека една восочна фугура чини повеЌе од 3,5 милиони евра, а јас сум убедена дека и Питу и Гоце и Пенко и Јане Сандански и Ченто ќе бидат многу позадоволни, наместо нивните восочни фигури, по углед на комерцијалната уметност на мадам Тисо овие луѓе да ги добијата тие пари, овие луѓе кои застанаа на браникот на својата татковина, овие луѓе ко во накритичниот момент ја бранеа Република Македонија затоа што за овие луѓе овие пари ќе значат материјалн и моарлна сатисфакција, а за некои од нив и нивните семејства ќе значат и егзистенција. Токму поради тоасите ние треба да си погледенме во лице и да дадеме согласност за потреба од донесување на ваков закон, а дали од одредени сегменти треба да биде вака или да биде поинаку или токму вака, затоа сме овде пратениците, затоа е тука и претставникот на припадниците на безбедносните сили, можем да разговараме и можеме да направиме добар закон, како што реков на овие луѓе да им се укаже достојното внимание што тие го сзаслужуваат.

Јас ќе дадам поддршка на овој закон, поддршка ќе дадат и пратениците на ЛДП затоа што сметаме дека навистина ако и до колку е направена некоја неправдва како што кажа припадникот на безбедносните сили на Република Македонија , таа треба да се исправи без разлика кога и во кое време стигнала. Овие луѓе ги заслужуваат овие барања што ги имаат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска**: Благодарам.

Јас ќе говорам за класична хипокризија, најмногу од ваШа страна господине Вељаноски, но и од колегите од ВМРО ДПМНЕ, во поглед на третманот што овој предлог закон го доби во оваа Собрание и вие зато ќе мора да сносите одговорност. Сега може да ј а напуштите седницата, се разбира поради ваши неопдложни обврски, ама тоа нема да го намали впечатокот кон здружението на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија со назив “Достоинство”, ВМРО ДПМНЕ се обидува да им го одземе.

Како што говореа и колегите пред мене, како припадник на СДСМ ќе изразамдека никогаЌа не сме го менувале ставот. Нашиот став е конзистетен и наверојатно заради тоа имаме сили да говориме и за оние теми кои од време на време, во зависност од тоа дали сме на власт или опозиција припадниците на ВМРО ДПМНЕ драстично го менуваат ставот. Затоа денес молчат. Молчат заради тоа што немаат аргументи ниту сила да дебатираме околу овој закон.

Жалам што господинот Вељаноски не е тука да ми објасни три моменти на кој начин го доставил предлогот на закон во ова Собрание.

Да потсетам здружението припадниците на безбедносните сили на Република Македонија “Достоинство” на 1 август 2008 во ова Собранието достави предлог закон, согласно Уставот потпишан без малку од 31 граѓани.

Да потсетам, согласно Уставот право да предлага закон има Влада, пратеник или најмалку 10 илјади граЃани. Овој предлог закон е подржан три пати повеќе од законскиот и уставниот минимум. 31 илјади граѓани сметале дека овој закон треба да влезе во собраниска процедура, а собраниската процедура натаму налага на седниците на рљаботните тела и комисии да се говири токму за она што претпоставувам, припадниците на владеачкот мнозинство ќе го користат како аргумент да не го подржат овој закон. заради тоа бледо беше однесување на госпоѓа Дулиќ кога ја закажа седницата на Законодавно-правната комисија на која одби да се разгледува овој предлог закон, бидејќи нема мислење од Владата.

Колеги секој од нас знае дека мислењето на Владата Собранието може да го чека три дена и не е обврзувачко за нас како парламентарци, да говориме околу предлог содржината на законот. Затоа срамно е денес низ медиуми да читаме дека припадници на Владата одбиваат да дадат зелено светло за овој закон, во форма на мислење, позитивно или негативно, бидејќи ќе имало огромни финансиски импликации. Срамота.

Во предлог законот многу уредно се испичитувани, во содржинска форма, сите делови потребни за овој Предлог закон да може да се разгледува, меѓу нив се и финансиски импликации со што усвојувањето на овој закон ќе бидат на товар на Буџетот. Пишува 36 милиони денари на месечно ниво, 600 илјади евра или 7,2 милиони евра годишно. Тоа ли за господинот Ставрески значи безмалку четвртина буџет. Дозволете, 600 илјади евра чини само една кампања со што сите граѓани на Република Македонија секојдневно се бомбардирани од страна на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Не е проблем во финансиската конструкција, не е проблем ни во содржинските аспекти. Можевме да дебатираме, можевме да разговараме, можевме да го подобриме овој текст и на крај да го усвоиме, ама нешто друго е во прашање. Нема политичка волја во овој момент ВМРО-ДПМНЕ заради слабата кохезија во коалицијата во ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ овој закон да добие зелено светло. И заради тоа немаме мислење од Владата, бидејќи доколку има мислење тие ќе мораат со потпис и печат оверено да го достават пред нас и ќе изразуваше одредена политичка волја. Тогаш господинот Ангелов ќе беше на чисто зошто овој Предлог на закон нема да добие, како што претпоставувам, за жал, денес да добие зелено светло. Можеме да дебатираме. Јас како член на Комисијата за труд и социјална политика бев подготвена содржински да говорам околу предложените членови, ама господинот Китановки одби да ја стави точката на дневен ред иако претставникот на предлагачот беше меѓу нас. Затоа претпоставувам дека и господиниот Китановски не е тука, претпоставувам дека и госпоѓата Дулиќ нема да земе збор, нема ни да реплицира, зошто Законодавно-правна комисија во овој момент нема извештај што согласно Деловникот е обврзувачки, да видиме каков е ставот на колегите од владеачкото мнозинство. Ставот е молк. Првиот ред од ВМРО-ДПМНЕ го нема, претседателот Вељаноски избега, но повторно ќе се обидам да го поставам клучното прашање. Ако на 1 август од ова Собрание дојде иницијатива потпишана од 31 илјада граѓани кои му даваат апсолутно легитимно право да бидат предлагач на едно законско решение.

Согласно член 73 од Законот за референдум, господинот Вељаноски беше “должен” на седница на Собрание да го постави на дневен ред и Собранието да одлучи. Тој рок помина, согласно законот, на 1 септември 2008 година. Срамно е однесувањето на ВМРО-ДПМНЕ, срамен е ваквиот третман, срамно е молчењето.

Јас се надевам дека припадниците на Здружението на безбедносните сили “Достоинство”, нема да се откаже од ваква иницијатива за конечно решавање на нивниот статус, бидејќи во овој момент се соочуваме со уставна потреба. Уставот им гарантира соодветен третман околу социјалните барања, на припадниците на безбедносните сили.

Ние овде не говориме за добра волја или подршка, говориме за тоа дека како претставници на законодавниот дом должни сме да донесеме закон кој ќе ги регулира социјалните барања на оние што се бореле во еден момент, ќе цитирам членот 36 од Уставот - Републиката им гарантира посебни социјални права на сите борци што се бореле за зачувување на македонската државност. Го имаат тоа право и согласно Устав, не наишле на политичка волја до сега, конечно да се реши. Нема да навлегувам во тоа дека Акционерското друштво Кјуби Македонија, во април 2001 година одби да им ги исплаќа, како што и самите наведуваат, согласно договорот за колективно осигурување, премиите и токму заради тоа вакво законско решение мора да постои во Република Македонија.

Денес ВМРО-ДПМНЕ не се подготвени за донесување нов закон, не се подготвени ни за дебата, но дајте, ова им го должиме на 31 илјада граѓани што ставиле свој потпис уредно, во Министерството за правда и се иницијатори за донесување на ваков Предлог закон. Во овој момент има 7 или 8 припадници на владеачкото мнозинство. Се надевам дека барем еден од нив ќе стане, ќе има доблест да го каже ставот на владеачкото мнозинство околу овој закон. Нашиот став како опозиција, како СДСМ веќе го кажавме. Стоиме зад него, не само како говор, во рамките на ова Собрание, туку и како потписници, со име и презиме, на оваа иницијатива за законот. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Господине Ангелов вие сте за реплика?

За реплика се јави господинот Оровчанец и господинот Мисовски.

Повелете господинот Ангелов.

**Стојанче Ангелов:** Госпоѓо Бендевска, никој не смее нам да ни го одземе нашето достоинство. И доколку не помина овој закон ние ќе преживееме и ќе останеме достоинствени. Нека им е лесна земјата на оние кои загинаа, кои ги дадоа своите животи за оваа држава. Тешко на семејствата кои останаа без своите најблиски, тешко на воените инвалиди кои изгубија дел од своето зравје. Ние останатите, навистина ќе преживееме. Ние како здружение самите ќе формираме еден фонд доколку Собранието не покаже добра волја и самите ќе го решиме проблемот со семејствата на загинатите и воените инвалиди.

Се надевам дека граѓаните на Република Македонија ќе ни излезат во пресрет. Зборувам само на надоместокот на нематеријална штета на семејствата на загинатите и на воените инвалиди и се надевам дека не сте во право и дека пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ќе го предложат нашиот Предлог закон и би запрашал колку ќе ја чини оваа држава доколку вработи 20 полицајци кои имаат уредно завршено курс за полицајци во Полицискиот центар во Идризово и останаа без работа при промената на власта во 2002 година. Сега, наводно не можат да се вработата во Тетово, бидејќи имале повеќе од 25 години. Ние

сме сведоци дека, особено во Тетово имаме еден куп полицајци, поранешни припадници на ОНА што не само што имаат повеќе од 25 години, немаат ниту соодветно образование, ниту било какви квалификации.

Јас сфаќам дека Владата мора да се грижи за правичната застапеност и во ред е тие луѓе да бидат примени, но зарем нема место за 20 македонци кои имаат завршено курс, а кои ја бранеле оваа држава.

Понатаму, колку ќе ја чини оваа држава доколку 300 до 400 професионални војници кои по 15 години работат во Армијата имаат завршено целосна обука, ја бранеа оваа држава во 2001 година, во меѓувреме имаат по една или две мисии во Ирак или Авганистан да ги остави и понатаму да работат.

Колку за ваше информирање на 38 години овие луѓе ќе останат без работа. Значи зборуваме за луѓе кои се во работен однос во Армијата на Република Македонија. Ние само бараме после десетина години кога ќе дојде ред да бидат избркани како кучиња од Армијата, да останат да работат се до исполнување на условите за пензија. Колку ќе ве чини Буџетот ова право, кога ние зборуваме за сите права да се остварат во еден временски контунуитет од најмалку 30 години. Затоа што најмладите припадници на безбедносните сили и имаа 18 години во 2001 година, најстарите имаа околу 50 години. Сите овие права би се реализирале во наредните 30-тина години, а дел од нив по други околности, веќе дел од припадниците на безбедносните сили ги реализирале, дел веќе и се пензионирани.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Господине Ангелов и јас искрено се надевам дека не сум во право и дека колегите од ВМРО-ДПМНЕ ќе имаат сила денес да глас во корист на овој Предлог закон, ама поучена од минатото искуство, никогаш колегите од ВМРО-ДПМНЕ не се спротивставиле на она што е став на Владата на Никола Груевски, барем до сега, се надевам.

Очекувам и мислам дека е тоа сериозна правда ако денес тие, за разлика од ставот на Владата која одбивајќи да даде мислење по овој закон, веќе индиректно го соопштува својот негативен став по овој Предлог, дека ќе ме демантираат токму денес со своето гласње колегите од ВМРО-ДПМНЕ.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има реплика господин Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам.

Колешќе Бендевска, морав да ве искористам вас за реплика затоа што една минута за пријавување е најлошиот адет што ова Собрание низ Деловникот го направи. Пола час ми требаше да вртам околу Собранието за да паркирав и се паркирав погрешно, на зелена површина и можам да ги обавестам дека можат слободно да го казнат за тоа што го направив и сега на сето тоа немам право на збор и морам да го искористам правото на реплика, барем да го соопштам мојот став по ова прашање, затоа што за три минути не можам да влезам во дискусија.

Оправдувањето за ова што сега се прави, а тоа е премолчување од страна на владеачкото мнозинство, да не дојде до изгласување на овој закон, мислам дека е кукавички и во перцепцијата на јавното мислење треба да се сфати дека е непријателски став во својата држава затоа што тоа е непријателски став кон своите бранители.

Вчера излегува Владата или претставници на Владата кои зборуваат за економскиот сектор во Владата со некои мегаломански бројки околу потребите на бранителите да бидат задоволени и на тој начин крајно непоштено, не фер, ги ставаат бранителите во една ситуација да се правдаат дека барале многу односно барале колку, да се наруши или да се руши Буџетот на оваа земја. Поголема вистина многу одамна немам слушнато.

Зошто оваа Влада не излезе да каже дека за две години, еве веќе трета година тргнува, до сега потрошила 75 евра на кампањи, меѓу кои последата е “Отворето го срецето, душата погледнете малку пошироко”.

Па отворете го срцето, колеги. Има луѓе во оваа држава кои се бореа за оваа држава, има луѓе кои се уште ќе се борат за оваа држава, дури и оние кои вие ги претирате како предавници, како вчерашниот прес на вашиот градоначалник Коце Трајановски кој во мањак на друга активност сака да се промовира за градоначалник тука во Скопје, па претеше на сите. Штом дојде да се прети до претседателот на државата, што остана за граѓаните, а бранителите ги стававте во крајно подредена позиција.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријаве господинот Крсто Муковски, повелете.

Господине Ангелов имате право на говор толку време колку што е останато од почетокот. Вие како ќе оцените така. Во овој момент немате право на реплика.

Повелете господине Ангелов, имате една минута преостанато време за дискусија.

**Стојанчо Ангелов:** Навистина, особено не по медиумите сакаат да направат ние да се срамиме од самите себе и од нашите барања, меѓутоа ние не се срамиме, затоа што нашите барања кои што се преточени во овој Предлог на закон се засновани врз повеќе од 450 часови разговор со сите припадници на безбедносните сили.

Околу трошењето на средства од Буџетот да ве информирам дека општина Центар ќе гради централен споменик на бранителите во централното градско подрачје. Зарем не е срамота да не повикаат нас и да не прашаат дали ние се согласуваме да се изгради таков споменик, каде да се изгради, каков да биде тој споменик. Истото се случув и во Прилеп.

Сметам дека на тој начин државата се обидува да го маргинализира Здружението, затоа што ние во нашиот Предлог на закон едно од барањета ни е да се изградат достоинствени споменици за сите загинати припадници на безбедносните сили. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Крсто Муковски, повелете.

**Крсто Муковски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Се јавив за реплика на госпоѓа Бендевска бидејќи искрено мислам дека таа има морално право да говори на оваа тема, пред се затоа што е претставник на понежниот пол. За другите, од страна на машкиот пол не сакам да дискутирам и мислам дека ни е испод чес да разговарам на оваа тема. Тоа е прва работа.

Втора работа, денес начнавме една тема, имаме еден Предлог на закон пред нас кој што не враќа во 2001 година...

(Реакција на пратениците во салата)

Ве молам ако сакате малку да се сослушаме.

Се враќаме во 2001 година во еден чуствителен период, кој период без разлика дали припаѓаме на оваа или онаа националност, или етничка заедница кај нас буди едни чувства и емоции кои што сакаме, пред се кои што сака господинот Бучковски што поскоро да ги заборавиме во интерес на нашите добрососедски односи.

На два моменти сакам да се осврнам.

Прво, до господинот предлагач.

Во неговите неколку дискусии добро кажа кој ги гонел, која претходна влада ги гонела и кој застанал зад нив, кој го донел Законот за посебните права за припадниците за безбедносните сили и се согласувам дека одредена катергорија на учесници, директни учесници во конфликтот и луѓе кои што загинале, или останале инвалиди од тој конфликт треба да бидат згрижени и понатаму во разговори со Владата и можности на државата нивните права треба да се допрецизираат и на некој начин да добиваа што поголеми можности и права во сите сфери на живеењето на ова општество. Меѓутоа, овој закон вака како што е поставен мислам дека во моментот има одредени аномалии кои што треба со тек на време да се разрешат.

Не би сакал да навлекувам во дискусија колку е финансиски издржан, дали е во доменот на шпекулации итн.

Вториот момент на кој што сакам да се обратам, искрено сум разочаран денес од дискусиите на моите колеги од опозицијата кои што повторно сакаат на оваа чуствителна тема да заработат некој политички поени.

Значи, ако се вратиме во 2001 година сите во ова Собрание, освен претставниците на опозицијата имаат право да зборуваат за тој период, затоа што да ви кажам искрено сите беа дадени во збег. Кој на Кожув, кој во Гевгелија, кој во Грција, итн. Еден нека стане од нив кој што се одзвал на повикот на државата во 2001 година, со чест на исклучоци. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За процедурално се јавивте господине Петров.

(Да)

Повелете, процедурално има збор господинот Андреј Петров,

**Андреј Петров:** Благодарам потпретседателке.

Прво, сакам да кажам дека во македонскиот Парламент нема понежен и погруб пол. Мислам дека за пратениците основна демократска култура е тоа да го разликуваат и така треба да се однесуваат.

(Реакција на пратениците во салата)

**Светлана Јакимовска:** Ве молам продолжете.

**Андреј Петров:** Ги молам пратениците да се воздржат, а ако имаат нешто да кажат нека го кажат тоа на говорница.

Крајно патетично и да се кажува тука дека би го подржале законот, меѓутоа има некои моменти кои им се чудни па не го подржуваат. Затоа, во недостиг на аргументи нека не ги навредуваат пратениците во македонскиот Парламент, инаку сите си го знаеме ние моралниот кредибилитет каде сме биле во моментите кога требало. Некој знае, некој не знаем, меѓутоа тоа самите за себе си го знаеме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна.

**Весна Бендевска:** Колега Муковски, ќе ве демантирам јас лично.

Говоревте под достоинството на ова Собрание, ама тоа нека е на ваши плеќи. Морална подршка имам да говорам околу овој закон, бидејки мојот сопруг седум месеци во конфликтот во 2001 беше на терен, како припадник на безбедносните сили и на Армијата на Република Македонија. Така да ве демантирам дека вие тогаш во вашата, претпоставувам патриотска фаза сте биле на терен, некој друг не бил. Лага е. Ама имам едно потпрашање до вас. После сите небулози овде што ги кажавте, заборавивте да кажете ќе гласате ли во корист за подршка на овој закон?

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Реплика господинот Горан Мисовски, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам потпретседателке.

Навистина не знам од кога законите ги делиме на половни но...

Јас госпоѓо Весна Бендевска не се согласувам со вас дека парите се проблем. Парите воопшто не се проблем. И сега кога слушам како претставниците на Владата ги убедуваат дека обештетувањето или финансиските инпликации по Буџетот треба да биде некаде од 300 милиони, ме потсеќа на оној Закон за стечајците кои како претставници на НСДП во тогашната коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, силно се залагавме тие луѓе да го добијат она што го заслужиле. Се работи еве ќе кажам за истата финта. Се работи за многу

помалку средства, него се работи за недостаток на волја и желба.

Овде почитуван генерале, проблемот кај ВМРО-ДПМНЕ во името на вашето здружение Достоинство, денес ВМРО-ДПМНЕ го изгуби достоинството.

Вие коелшке Бендевска спомнавте неколку пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои што денес не се пристуни. Мене ми е жал што и колешката Силвана Бонева на оваа седница не е присутна, исто така како кога ја носевме Декларацијата за признавањето на Косово, кога во името на сите комити и војводи го соопшти ставот на ВМРО-ДПМНЕ, ја нема денес да го направи тоа истото. Го нема колегата Илија Китановски, ќе ви кажам зошто го нема. Заради тоа што во 2002 година кога Социјал демократскиот сојуз ја направи коалицијата со ДУИ во неговото излагање вели, го нема бате Ване, го нема бате Столе, го нема бате Драги, да станат да видат кој тоа прави коалиција со онака како што тогаш ги нарекуваа припадниците на ОНА, а сега претставниците на ДУИ.

Значи, сакам од оваа говорница, почитуван генерале, од името на Социјал демократска партија да ви дадам силна подршка за можноста за изгласување на овој закон, заради тоа што вие тоа го заслужувате. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Сакате да го доискористите правото на збор господине Стојков.

Значи, во овој момент не сакате.

Сега ќе му дадам збор на следниот говорник. а до колку оцените потребно за право за реплика, можете да реплицирате. Во овој момент имате право, може да го искористите она право кое што го имавте за говор, ваша е проценката дали ќе сакате да го искористите правото на говор, или ќе оставите за реплика на следниот говорник. Не цела минута, меѓутоа уште една минута е останато.

Значи, за збор е пријавен и има збор господинот Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам.

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги, почитуван генерал Ангелов,

Денес имаме Предлог за донесување на закон за посебните рпава на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства, поднесен, како што вели Деловникот член 132 - право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието, Владата и најмалку 10 илјади избирачи. Значи не 10 илајди избирачи, овде повеќе од 30 илјади избирачи го подржаа овој предлог за донесување на овој закон и веројатно на ниедна друга категорија во натамошниот период нема да им текне да одат на оваа опција да собираат потписи, се со цел да нивниот закон биде после неколку месеци закажан на седницата на Собранието на Република Македонија.

На неколку пати пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз бараше да оваа седница дојде на дневен ред, и како и за еден друг тип на закони исто, сношти околу 20,00-21,00 часот бевме известени дека баш денеска ќе се одржи оваа седница, односно ќе дојде 23-та седница со овој закон.

Мислам дека, како што и спомнав, цело време ни беше укажувано од страна и на претседателот на Собранието и на парламентарното мнозинство дека, конкретно во оваа ситуација чекаме ние мисклење од Владата на Република Македонија, или чекаме мислење од Министерството за финансии. Од старт ние, како пратеници, знаевме дека нити мислење од Владата ќе дојде, нити од Министерството за финансии. Меѓутоа очекував барем денеска на седницата на Собранието на Република Македонија, биде присутен претставник на Владата на Република Македонија, дали тоа би бил министерот за финансии, дали заменик министерот,односно заменик премиерот, да ни каже поради кои причини колку финанскиски средства вистински се потребни за овој закон.

Меѓутоа, не мораше заради нас овие 120 пратеници, барем заради ови 31 илјада поддржувачи на овој закон би било добро да дојдат и да направат чес барем заради нив.

Пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз, изминатиот период, значи предлагаше амандмани кога се вршеше таа фамозна прераспределба на средства по фондовите, односно по министерствата, меѓутоа сите амандмани кои што беа предложени во врска со овие припадници на безбедносните сили и нивните семејства, анблок беа отфрлани еден по еден, така да и исто така кога предлагавме околу нивните права околу социјалното осигурување истото се случуваше.

Мислам дека она што како пратеници го осознаваме во овие изминати месеци е дека и онаа категорија која што беше овде блиско до Собранието на Република Македонија, како и оваа категорија на припадници на безбедносни сили, гледаат дека она што од Преродбата од 100 чекори се ветуваше или проширена и надградена, дека нема ништо од тоа. Јас како пратеник од изборната единица број 4, заедно со Владо Бучковски и носителот на нашата листа Зоран Заев, уште во рамките на изборната кампања имавме средби со припадниците на Здружението Достоинство, и тогаш разговаравме околу нивниот закон и уште тогаш ние, независно од тоа дали на 1 јуни СДСМ ќе дојдеше на власт или не , значи уште тогаш ветивме дека по сите оние барања кои што ги имаа во законот, значи пратеничката група на СДСМ ќе ги подржи. Значи, тоа го кажавме тогаш, и пратеничката група на СДСМ ќе го каже тоа и денеска. Јас како пратеник на таа пратеничка група, во целост ќе го подржам овој закон. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е приајвен господинот Стојанчо Ангелов, повелете.

**Стојанчо Ангелов:** Само да појаснам дека ние не гледаме битни промени во односот на сите влади почнувајки од 2001 година, па се до ден денес.

Повторно ќе ги запрашам сите пратеници на Собранието на Република Македонија, зошто никој од 31 март до сега не не побара детално да го образложиме нашиот Предлог закон и да ни укаже каде тоа ние грешиме и кои одредби навистина ќе го уништат Буџетот на Република Македонија.

Повторно ќе апелирам, кажете ни сега што да отстраниме, сега на лице место, јас ќе го повлечам, изгласајте го само она што нема да чини.

Ние како Здружение Достоинство, и јас како претседател на тоа здружение нема да дозволам ниту една политичка партија да профитира од нашиот Предлог закон. Колку што можете да видите, подеднакво овјективно зборувам и за СДСМ и за ВМРО-ДПМНЕ не штедејки никого при тоа.

Сакам да ги запрашам пратениците на Република Македонија колку ќе ја чини државата до колку ги вработи невработените само 34 воени инвалиди штоне можат да егзистираат. Ќе го спомнам примерот на Александар Милишевски од Пробиштиоп, тешко ранет од граната во пределот на градниот кош без половина белодробно крило, тој е избркан од Армијата. По завршувањето на договорот, нов договор не му е продолжен, затоа што не бил здравствено способен да работи во Армијата. А, зошто го изгубил тој здравјето? Тој нема пари да преживее. Се мачи да преживее со една минимална инвалиднина.

Колку ќе ја чини државата до колку вработи 40-тина деца на загинати припадници на безбедносните сили во наредните 20-тина години, затоа што ние имаме три деца родени по смртта на своите татковци, за кои ќе дојде ред да се вработуваат дури после 15-тина години, сметано од денеска?

Колку ќе ја чини државата до колку ги врати сите 7 професионални војници што до сега останаа без работа, затоа што им истекол договорот за работа во Армијата на Република Македонија?

Јас, навистина зборувам за суми што воопшто нема да го оптоварат Буџетот.

Пред малку добив порака од Ѕвер-от, кој беше искасапен на Вејце, тешко ранет, кој нема ниту еден здрав внатрешен орган, освен срцето, неговото големо јуначко срце и ми напиша да ги поздравам сите пратеници.

Што се однесува до нашето барање за остврување на предвремена пензија, ние бараме за првата категорија, тоа значи за помалку од 7 луѓеда бидат 5 години предвремено пензионирани, до колку тие тоа го побараат. А знаете дека полицајците обично сакаат да работат подолго од она што можат, наместопократко. Во наредните 30-тина години ќе биде ова петогодишно предвремено пензионирање. Тоа се луѓе со изгубено здравје и со попуштени нерви. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Збор има Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам.

Почитувани коелги пратеници, почитуван генерал Ангелов,

Воопшто не се двоумев дали да се јавам за збор, бидејки сум пратеник од Свети Николе. Должна сум кон мојот сограѓанин Александар Серафимов, кој го даде животот во 2001 година во воениот конфликт. Должна сум, исто така и кон неговото семјество, кон неговата мајка, татко и брат.

За разлика од некои други загинати Александар не стигна ниту да се ожени. Никаква парична надокнада или други привилегии не можат да го надокнадат нивниот син, брат и братучет, исто така и наш сограѓанин.

Но, сепак, вистината боли. 22-годишниот Александар загина бранејки го суверенитетот на Република Македонија. Исто така, државата, не само што го заборави Александар, ги заборави и сите оние други во Република Македонија кои ги дадоа животите, бранејки ја сопствената татковина. Тоа се припадниците на безбедносните сили и сите други резервисти и оние доброволци кои сами се пријавија да учествуваат во одбрана на државата. А, такви ги има многу. И од мојот град, а исто така и од целата држава.

Не само што спиева по рововите, се плашеа за нивните животи, страдаа и нивните семејства дали ќе се вратат здрави, живи, дали воопшто ќе се вратат. А, кога ќе се вратеа во родниот град, не само оние кои беа во првите борбени линии доаѓаа на лекар, да бараат било каква лекарска помош, психијатриска, исто така и членовите на нивните семјства бараа психијатриска помош за претрпениот страв додека да се вратат нивните најмили.

И сега, ако ние денеска не сме подготвени овде, барем со изгласувањето на овој Предлог закон поднесен од страна на припадниците на безбедносните сили, ако не им одадеме признание на овој начин на оние кои се бореа и гинеа за државата,не знам дали има друг начин со кој би ја изразиле нашата благодарност.

Морам да кажам, бидејки генералот Ангелов спомна нешто за спомениците, во претходната локална власт, кога јас бев претседател на Советот на општина Свети Николе донесовме одлука за именување на градскиот парк Александар Серафимов и изградба на споменик во негова чест што се наоѓа во градскиот парк. Секој празник, сите претставници на локалната власт, без разлика на која политичка партија припаѓаат продолжуваат да положуваат свежо цвеќе во спомен на загинатиот наш Александар. Тоа е признанието на градот.

Сега барам и од Собранието на Република Македонија, апелирам до сите пратеници, да му

оддадеме признание не само на Александар, туку на сите припадници на безбедносните сили. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Ангелов, повелете.

**Стојанчо Ангелов:** Почитувана пратеничке,

Само сакам да дообјаснам неколку моменти во поглед на починатиот Серафимов Александар, Бог да го прости.

Серафимов Александар беше ранет после една моја дадена наредба во селото Матејче. Беше тешко ранет во пределот на главата. Шрапнел колку зено ориз покрај окото му влегол во пределот на мозокот и го повредил центарот што ги контролира жлездите со внатрешно лачење.

20-тина дена подоцна имав несреќа да му бидам цимер во шок соба, после Арачиново, вториот ден од нападот кога и јас бев тешко ранет. Неколку дена подоцна кога успеав да станам од кревет, кога ќе се приближев до неговиот кревет во шок собата, кога ќе го слушнеше мојот глас, секогаш му потекуваа солзи, Тој беше несвесен. Венеше како цвеќе и тоа пред моите очи, затоа што постојано одев во негова посета.

Подоцна, кога почина, неговиот татко ми се јави прво мене. Отидов во шок собата, но поради бирократски процедури, не дозволуваа телото да го земеме истата ноќ. Презедовме низа дејствија истата ноќ да го земеме неговото тело. Јас и неговиот татко, во подрумот на хируршката клиника го бришевме неговото мртво тело од крв. Јас и неговиот татко го облековме во униформа и чизми и јас му ја ставив беретката. Но, меѓутоа, најтешко од се беше кога отидов да купам мртовечки ковчег, затоа што неговиот татко не сакаше да дојде со мене. Ми кажа јас да одберам. Верувајте, полошо не сум се чувствувал во животот. Да одбирате мртовечки ковчек за некого кој има само 20 години. И, при тоа да се чудите што да правите.

Потоа, сите оние трауми што ги доживеавме со носењето на неговото тело во родното Свети Николе и сето она што го доживеавме таму, изнесувањето на неговото тело, што морав лично јас да го правам, затоа што неговите роднини беа шокирани, не беа во можност да направат ништо, сето тоа остава тешки трауми не само врз нас, припадниците на безбедносните сили, ние сепак имаме некои заштитни механизми, меѓутоа неговите родители?! Јас сум сведок дека од денот кога беше ранет почнаа да венат. Тие никогаш повеќе нема да живеат нормален живот. Затоа што, да го изгубиш својот син во цветот на младоста, на само 20 години е најлошо нешто. Или, како што зборуваше мајката на Александар, не го пожелувам ова ниту на најлутиот душман. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е приајвена госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитувана колешке, почитуван генереле,

Навистина ми е многу жал и се чувствувам, јас се чувствувам непријатно што вашите потресни приказни, ако ништо друго, нема кој да ги слушне од парламентарното мнозинство во Собранието на Република Македонија. А уште помалку дека ќе успеете да ги убедите.

Затоа што сликата во овој момент е ваква: првиот ред е празен, вториот ред е само почитуваниот колега Љубисав Иванов Ѕинго, третиот ред е празен, четвртиот ред еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, во петиот ред еден пратеник, шестиот празен, седмиот празен и за волја на вистината, во последните два реда уште 4-5 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои, патем речено и постојано се тука.

Освен нив, оние кои се најзаслужните од владеачкото мнозинство ги нема во салата, не само што нема кого да разубедите, туку не можат и да ги слушнат овие потресни приказни, иако сум убедена дека најголем дел од нас ги знаат. Токму поради ова почитувани колеги, токму во името, макар и на една единствена потресна приказна, а вакви ги има многу, да дадеме поддршка на овој закон, како што реков за да можеме барем малку да им пружиме материјална сатисфакција на овие луѓе. Загубените животи никој нема да ги врати, повредите и траумите ништо нема да ги избрише, не овој, уште сто закони да донесеме, меѓутоа, верувајте за дел од нив, за дел од нивните семејства, за нивните деца овој закон не значи само сатисфакција, туку значи гола егзистенција, па мислам дека можеме толку да направиме. Пак ќе повторам, откажете се од многубројните реклами - за ова се обраќам до Владата - откажете се од восочните фигури кои патем речено две вакви чинат колку она што го бараат, надокнадата 7 милиони евра што месечно треба да ги чини, да ги надокнадат, она што го бараат безбедносните сили. Дајте да се откажеме од тоа, затоа што како што реков многу повеќе на сите оние на кои саката да им ги подигнете восочните фигури ќе им значи овие луѓе кои исто така се бореле за Македонија, исто така своите животи ги дале за оваа земја, ќе имаат барем некаква сатисфакција. Затоа, ве молам колеги пратеници кои не сте тука, сте надвор во овој момент, во клубот, да влезете и да дадете поддршка за да го донесеме овој закон, а за деталите ќе дебатираме подоцна. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам почитувана потпретседателке.

Почитувани пратеници, почитуван претседател на Здружението “Достоинство”,

Дозволете ми да констатирам дека денешната парламентарна седница од една седница која имаше за цел да побара решение се претвори во

залог на еден меѓупартиски натпревар, која има за цел да придобијат јавна поддршка. Наместо да говориме за решение, ние говориме за фолклор, наместо да говориме за санација на последиците ние злоупотребуваме имиња, судбини или несреќи на лица, граѓани и семејства кои на разни начини биле вклучени, оштетени во текот на настаните во текот на конфликтот во 2001 година. Сакам да ве потсетам, целта и на овој закон е да се придонесе во надминувањето на последиците од конфликтот во 2001 година. Со реториката ние не придонесуваме во однос на надминување на последиците од конфликтот во 2001 година. Мислам дека ваквата реторика оштетува една ваква цел. Кој е проблемот на законот, бидејќи не се говори за законот? Ова е закон, закон кој само постои. Терминологијата, категоризацијата и дефинициите се дадени во еден закон во однос на правата или бенефициите на припадниците на вооружените сили, донесен пред неколку години. Едно решение е дадено денес, не се предлага закон за решение, туку закон за привилегии и мислам дека без да се изнајде решение за сите тие кои се оштетени во конфликтот во 2001 година би било луксуз да говориме за привилегии. Видете ги категоризациите, барањата и идеите за решение, здравствената заштита, сето тоа што е предложено како решение. Тие се во однос на едно повисоко ниво, повисоко ниво на унапредување на статусот на припадниците на вооружените сили.

Мислам дека по 2001 година Република Македонија го отпочна процесот на помирување меѓу заедниците, но денешната реторика повторно не влијае во општите заложби за се постигне етничко помирување. Ние како носители на функции, како избрани од народот треба да придонесеме во приближување, а не во поделбите меѓу заедниците и мислам дека тоа што се рече до сега за жал не помага во оваа цел. Затоа, мислам дека треба да се концентрираме во изнаоѓање и излез од оваа состојба и треба на критичен начин да им приjдеме на содржината и одредбите, како што е членот 9 од овој закон. Почитуван генерале, кога ќе го прочитате членот 9 ќе разберете зошто овој закон е закон кој е спорен закон. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана колешке, денес не зборуваме за никакво помирување. Денес зборуваме за некаква надокнада, односно сатисфакција на оние што ги дале животите, на оние што се ранети во конфликтот 2001 година. Тие што отидоа во првите борбени редови не се виновни, тие не го предизвикаа конфликтот, а сега веќе ми е јасно зошто денес нема да се изгласа овој Предлог на закон. Зошто тогаш ги бламиравте припадниците на безбедносните сили денес го ставивте на дневен ред, да расправаме за некој закон што однапред знаете дека нема да биде донесен. Неблагодарно е и спрема сите оние припадници на безбедносните сили, но ќе дојде на ред оној закон што вие ќе го барате - не е убаво вака сега да коментирате, а потоа ќе барате поддршка од нас. Знаеме за што станува збор, не сакам повторно да зборувам.

Исто така, кога беше поднесена Резолуцијата за Косово, ние требаше да сочувствуваме со вашите ...

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Стојанче Ангелов, повелете.

**Стојанче Ангелов:** Госпоѓице Ермира Мехмети, ние не треба да се помируваме, јас сум убеден дека ние сме помирени. Секаде каде што има Албанци слободно се движам и никогаш до сега не сум имал непријатности, вклучувајќи ја “Пластичарската” улица, вклучувајќи го Тетово. За овие 7 години после вооружените дејствија јас не добив ниту една закана од страна на Албанците. Проблемите кои што ние ги имаме потекнуваат од претставниците на македонскиот блок, воопшто не од Албанците.

Што се однесува до членот 9, ние само го препишавме постоечкото законско решение од Законот за посебни права, кој што Собранието на Република Македонија го донесе во 2002 година, само го препишавме веќе постоечкото решение. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Ивановска Јаготка, повелете.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван господин Стојков, почитувана колешке Анастасова,

Мислам почитувана колешке Анастасова денес на Собранието ги вративме од пред 7 години болните емоции за нашиот Александар Серафимов, народниот херој на Свети Николе, народниот херој на Република Македонија. Пред седум години и неполн месец нашиот Александар во болницата во Скопје се бореше за живот, заедно со мојот зет и малата Душица од Тетово и за несреќа, доколку овие успеаја да се изборат за животот, Александар замина засекогаш. Ги остави сами да венеат неговите родители. Го остави неговиот помлад брат исто да жали.

Градот Свети Николе, целокупната светиниколска јавност со притисок успеаја на Александар да издејствуваат од општината, од локалната самоуправа на Свети Николе да му се изгради споменик и Градскиот парк да го носи неговото име.

Колешке Анастасова, посебно сум среќна што денес вие го имате сменето своето мислење од пред седум години, што денес толку емотивно зборувате и за Александар и за сите наши бранители. Но пред седум години не беше така колешке. Доколку нашите бранители и сите други одеа и се бореа за својата држава, вие и вашето семејство бевте надвор од државата. Секојдневно ја преминувавте границата на државата и во тој период, благодарение на широката коалиција, добивте повеќе од неколку илјади метри квадрати

деловен простор. Колешке, јас сум посебно среќна дека вие денес сте се покајале, иако не сте дале некој голем придонес за нашата држава, дека тоа натаму ќе го сторите и сето она што го земавте во тој период, во тој несакан период за нашата држава ќе го вратите токму во името на нашите бранители. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавена госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитувана колешке, жалосно е што овој момент го искористивте за лаги. Јас би сакала ова да го кажете надвор од Собранието за да се соочите и со тужба за клевета. Не е убаво денес да изнесувате вакви лаги и да го користите овој момент, посебно името на Александар Серафимов, за да постигнете нешто, да си го подигнете својот рејтинг. Но тоа нека ви служи на чест.

Јас се надевам дека сега со мојата дискусија ги разбудив чувствата кај вас, се надевам дека вие ќе гласате "за", но исто така уште повеќе се надевам дека и вашите колеги ќе ги убедите да гласаат за овој закон за сите припадници на безбедносните сили. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За збор е пријавен господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитувана потпретседателке, колешки и колеги пратеници, господине Ангелов,

Веројатно лапсус беше што реалниот генерал кој што учествувал во овие операции беше заменет со еден кој што од поодамна е во други води и мислам дека требаше колешката да се извини кон овластениот предлагач овде и кон генералот Ангелов за лапсусот што го направи.

Во прилог на поддршка на она што моите колеги од СДСМ го зборуваа јас ќе дадам уште неколку појаснувања со кои сакам да ги уверам претставниците на парламентарното мнозинство да дадат поддршка на овој Предлог закон, а тоа е дека овој Предлог на закон се однесува, како што тоа и го пишува во законот, за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, кои не ги опфаќаат или не го опфаќаат само периодот на 2001 година. Ако го прочитаме законот, а не само да ги етикетираме поддржувачите на овој Предлог закон со груби невистини, да бидеме реални дека овој закон се однесува и на припадниците или војниците професионалните војници, старешините и цивилните лица кои се во служба во постојаниот состав на Армијата на Република Македонија. Тука ни е полна устата кога ги испраќаме нашите припадници на безбедносните сили во мировните мисии кои сработиле многу повеќе за зачленување на Македонија во НАТО отколку Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Тука ја даваме поддршката, ама очигледно таа поддршка е декларативна, зашто ако го прочитате овој закон опфатот на луѓето за кои се однесува овој закон се однесува и за најдобрите амбасадори во овој момент на Република Македонија, за добивање на НАТО членство. Јас знам дека Армијата ја има завршено таа работа и Армијата го има положено НАТО членството. За жал, ВМРО-ДПМНЕ паѓа на тој тест, по сите критериуми, по сите анализи, по сите мониторинзи на странските мисии кои доаѓаат во Република Македонија. Цивилната поддршка од 2006 година наваму кон НАТО аспирациите и кон Армијата на Република Македонија паѓа и затоа да не ги злоупотребуваме и да градиме политички поени само кога ги испраќаме луѓето на мисија за да го промовираат мирот надвор од Македонија, во Ирак, во Авганистан, во Босна и Херцеговина, туку и да зборуваме за нивна заштита и заштита на нивните семејства од не дај Боже несакани последици на нашите припадници на безбедносните сили. А ќе се согласите, во тој професионален состав на Армијата на Република Македонија нема само Македонци и не се само тие во светот кои се амбасадори на Република Македонија како гарант за способноста на Република Македонија да биде НАТО членка. Или, лицемерието да биде поголемо за жал од страна на ВМРО-ДПМНЕ, најдобар пример е примерот со Битола. Како носител на листата на коалицијата "Сонце" во Петтата изборна единица меѓу средбите што ги имавме организирано со моите колеги Бендевска и Диневски се сретнавме и со претставниците на Здружението "Достоинство" во Битола. Таму дознавме дека Советот на општина Битола донел одлука за изградба на споменик на бранителите, ама тие пари никогаш не биле дадени и тој споменик не бил реализиран, ниту за наредниот буџет за 2009 година такво нешто нема. Има само премногу модрици на рамото на членовите на Здружението "Достоинство" од страна на градоначалникот и од ВМРО-ДПМНЕ, членовите на Советот дека ќе биде таа работа. Помодреа луѓето во рамото од тапкање, ама од тоа нема ефект. Таков споменик нема. Советот на Битола преку градоначалникот реши да прави споменик на Филип Втори како типичен вмровец, според ВМРО - ДПМНЕ, ама пари најде за тоа и таков споменик за жал изградија. 533 милиони денари општина Центар и Здравев до крајот на годината, од октомври до крајот на годината ќе го потроши за споменици во Скопје, во Центарот. И реков некни, Кисела Вода гради "Тарзан", овде ќе биде во Центар, Здравев добил таква визија, "Џејн и Чита", ама за бранителите споменици пари нема. 533 милиони денари од октомври до 31 декември ќе ги потроши општина Центар за споменици - ќе ги потроши, ама тие споменици никој нема да ги види. Или 500 милиони денари имаме за, наводно како што вели Миле Јанакиески, а бидејќи тој нон стоп лаже, за 300 автобуси. Немаме, 100 има, според тврдењата на Извештајот, ако го прочитате убаво. Имаме за 300 автобуси кои никој не ги сака, ама пари за бранителите немаме. На 2.700.000.000 евра буџет и те како има пари за да може да се реши ова и тоа како што кажа и господинот Бучковски ни оддалеку не се оние средства кои се

кажуваат. И третата група на луѓе кои се опфатени со ова, а видовме пред некој ден нивните родители, и таму имаше и Македонци и Албанци кога зборуваа на телевизија, се однесува и на луѓето кои учествуваа во конфликтот и беа жртви на распадот на Југославија. Видовме дека нивните родители се загрижени зошто државата ги има подзаборавено. Значи не го гледајте овој Предлог на закон во една тесна призма. Овој закон се однесува за голем број на луѓе од различни етнички заедници, припадници на нашите безбедносни сили кои се жртви на распадот на Југославија во 1991 година, биле дел во дејствијата во 2001 година, а сега се во мировните мисии надвор од земјава за да ја претставуваат Македонија и да го надокнадат она што ВМРО-ДПМНЕ и Владата не може да го направи, а тоа е НАТО и европска интеграција на Македонија. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика се пријавени господинот Петковски Тито, господинот Грозданов Цветко, господинот Стојанче Ангелов и госпоѓа Ивановска Јаготка.

Право на реплика има господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Госпоѓо потпретседател, господине Ангелов, почитувани колеги,

Апсолутно е важно и тоа што се случило Македонија трајно да го одбележи како долг кон тие генерации. Но, мислам дека е многу поважно да мислиме за генерациите што се по нас, особено помладите што останаа без никаква заштита, ниту социјална, а да не говорам за хуманата димензија.

Имам прво да говорам за ова, еве господинот Јани ме инспирира, практично бидејќи сум еден од основачите, од иницијаторите и основачите на Фондот за помош на децата на бранителите кои се загинати во војната во 2001 година. И затоа сметам дека овој закон треба да се поддржи.

Меѓутоа, Македонија мора да смогне сили, Владата мора да смогне сили да го реши проблемот комплетно. Мораме онаа страница од 2001 година од поновата македонска историја да ја затвориме на најдобар и на најправичен начин.

Јас бев, пред година ипол дена, кога ја покренав иницијативата дека мора да бараме решение и за семејствата кои останаа без егзистенција кај борците на ОНА, бев прогласен за албанофил. Еве, вчера сум прогласен од ВМРО за гркофил. Не знам, до година можеби бугарофил итн. Сигурно дека. . .

(дофрлање од место)

Не, тоа е ваше ексклузивно право, се извинувам.

Бидејќи треба да го решиме проблемот на најдобар начин, предлагам Владата во најскоро време да не го игнорира проблемот. Ако сакаат Албанците да се интегрираат во македонското општество, ако сакаме да ја затвориме оваа страница на најдобар можен начин, тогаш мора да донесе закон со кој што целосно ќе се реши проблемот. Не може да градиме патриотски чувства кај луѓето, не дај Боже утре да ни се случи нешто во државата, ако на овој начин градиме однос кон борците, кон бранителите од 2001 година. Како утре, ако ни се случи некоја кризна ситуација, кој е моралот, кој е мотивот на тие луѓе да излезат на браникот на слободата и да ја бранат татковината?

И второ, како ќе сметаме, ќе инсистираме Албанците да се интегрираат во нашето општество ако има деца кои имаат загинато родители, а немаат никаква заштита од државата?

Според тоа, година ипол дена после тие иницијативи Владата имаше шанса да го реши проблемот комлетно, таа да предложи закон. Јас очекувам, после оваа денсна расправа дека Владата тоа ќе го стори. Тоа и е потребно на Македонија. Едноставно, мислам дека треба да го заборавиме она што се случило во минатото и особено ако се знае дека она што се случи во 2001 година предизвикаа промени на Уставот. А, нашиот однос кон луѓето кои учествувале во тој конфликт, ако не сакате војна, е на овој начин апсолутно несоодветен и недостоинствен. Навистина очекувам Владата комплементарно, односно комплетно да го согледа проблемот и да го реши. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателке.

Јас би сакал воглавном да реплицирам на сите претходни дискутанти кои беа. . .

**Светлана Јакимовскас:** Господине Грозданов ќе реплицирате само на говорот на господинот Јани Макрадули.

**Цветко Грозданов:** Во ред.

Јас ќе кажам дека денес сите зборуваме со достоинство за бранителите. Денес сите зборуваме за кризата во 2001 година. Игнорирањето на проблемот беше во 2001 година, не е денес.

Јас ќе ве запрашам сите вас кои што денеска зборувате толку многу за овој закон дали се сеќавате на датумот, месецот и годината кога беше објавена мобилизација во Македонија. Не, дами и господа не се сеќавате затоа што и не бевте дел од нив.

4.03.2001 година беше денот на објавувањето на мобилизацијата во која што за жал во првите пет дена, не би сакал да манипулирам со бројки господине Бучковски, можете добро да се сетите за процентот на успешноста на мобилизацијата.

Јас денеска со достоинство ќе зборувам и ке критикувам затоа што бев дел од тој тим, но денес дами и господа никој не заборави кој ги распушти “Лавовите”, но денес дами и господа никој не заборави кој ги распушти “Тигрите”, но денес дами и господо никој не заборави кој ги десеткува “Волците”.

Немојте да сметате дека македонскиот народ е со кратко помнење. Не, напротив, сте се излажале.

Овој денешен маркетиншки потег кој што го вршите како опозиција, кое што и во вашето излагање господине Макрадули го кажавте, дека се сретнавте пред изборите, каде бевте да се сретнете кога “Лавовите” седеа на улиците? Каде бевте да се сретнете со нив кога дел од “Тигрите” беа распуштени? Каде бевте кога ги десеткуваа “Волците”? Се јавувате денес божем сте толку големи патриоти и божем толку добро му мислите на Здружението “Достоинство”.

Јас дами и господа сум член на Здружението “Достоинство”. Знаете ли зошто/

Затоа што во 2001 година на 2, не на 4-ти, два дена пред објавувањето на мобилизацијата, а постои тоа во архивите бев доброволец, пријавен за доброволец во оваа криза. Затоа дами и господа денеска имам право тука пред вас да станам и да зборувам, затоа што денес емотивно зборувам. Не зборувам маркетиншки господине Тито Петковски и сите вие кои што станувате тука и зборувате. Не можете да зборувате затоа што го немате тоа екслузивно право.

И да ве замолам, престанете со маркетингот. Ова е чувствително прашање, прашање кое што ги решава судбините на сите оние кои што беа бранители, во кои што припаѓав и јас.

Затоа ве молам уште еднаш немојте да се поигрувате со чувствата на Македонскиот народ затоа што Македонскиот народ не заборава. Тој дел од вас беа преку границите, не беа присутни во Македонија. . .

**Светлана Јакимовска:** Благодарам господине Цветко.

За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателке.

Јас бидејќи знам дека Македонскиот народ не е со кратко паметење, знам дека ќе го казни ВМРО ДПМНЕ во март на избори, затоа што од кога јас со колегите Диневски и Бендевска се потпишавме на овој закон во Битола, изјава имаше градоначалникот и кандидатите за пратеници и рекоа дека ние го поддржуваме овој закон и ќе гласаме во Собрание. Ја имам снимката, можете да ја погледнете.

Второ, јас 2001 година станав пратеник. . .

(Реакција на пратениците во салата)

Ако може да смирите малку.

**Светлана Јакимовска:** Ќе ве молам господине Грозданов да го сослушаме господинот пратеник.

**Јани Макрадули:** Јас во 2001 година станав пратеник на мнозинска листа. ВМРО ДПМНЕ немаше да ми ги вратите секундиде, немаше храброст да евидентира кандидат да влезе во ова Собрание и да се бори за иднината на Република Македонија.

Трето, 2001 година, господине Цветко Грозданов вие се колневте во Љубчо Георгиевски, сега откога станавте да се колните во Груевски станавте пратеник, луѓето леб немаат да јадат сега, благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има реплика господинот Стојанче Ангелов, повелете.

**Стојанче Ангелов:** Сакам само да објаснам неколку работи на говорот на еден од пратениците, неименувам затоа што не ве знам доволно.

По завршувањето на вооружените дејствија во 2001 година, особено по промената на власта во 2002 година дојде до жестоко деградирање на припадниците на специјалните единици, и на “Тигрите” и на “Лавовите”. Меѓутоа, за жал тој тренд, горе-доле, продолжи и денес. Затоа ние го изработивме овој Предлог на закон.

Денес најдобрите специјалци ние можеме да ги сретнеме во куќарките околу Собрание, или околу Министерство за внатрешни работи . Затоа сметам дека треба еднаш да се стави крај на сето тоа и тоа да не се користи за меѓупартиска пресметка.

Направете една стручна анализа колку припадници на “Тигрите” кои што во 2001 година го изнесоа тешкиот товар на војната сега се сеуште во “Тигрите” и ги уживаат бенифициите од таа специјална единица.

Ќе ви кажам дека речиси сите се избркани од таа единица, се наоѓаат расфрлани по селски станици.

Понатаму, припадниците на посебните единици никој не ги ни споменува.

Припадниците на тн., “Желки” или “Шлемови” на постарите полицајци никој не ги споменува, како да не постоеле во 2001 година.

Оперативците на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање кои беа изложени на огромен ризик, кои преземаа тајни дејствија во цивилна облека без борбена поддршка и без кои што ние ќе преживееме многу голем неуспех.

Понатаму дел од цивилните инспектори, кои што немаат дури униформа, кои што ниту беа обучени, немаа ни оружје ни опрема, а извршуваа и борбени задачи.

За крај, без разлика на сите напади на кои “Лавовите” беа изложени во периодот пост изборите, во 2002 година оваа единица даде голем допринос во одбраната на Република Македонија особено во тетовскиот регион, особено во зачувување на македонските куќи во овој регион и спречување на иселување на македонските граѓани.

Армиските “Волци” по завршување на единиците завршуваат на несоодветни работни места.

Армиските старешини кои што учествуваа во 2001 година се или деградирани или никако да напредуваат.

Професионалните војници кои го понесоа најтешкиот товар на војната остануваат без работа.

Редовните војници кои што во 2001 година имаа само 18 години никој не ги спомнува, не добиле никаква бенифиција, а преживеаја најтешки психички трауми затоа што беа премногу млади и не беа подготвени за таква работа.

Да не беа армиските резервисти, вооружените дејствија ќе добиеја сосема друг тек. Тие беа брана која го сопре напредувањето на вооружените терористи. Значи, зборувам за сите категории на припадници на безбедносни сили кои што од 2001 година наваму постојано се изложени на некакви деградирања или други проблеми. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За контра реплика е пријавен господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам.

Во интерес на јавноста да потсетам дека во 2002 година во договор со претставниците на единицата "Лавови" поголемиот дел од претставниците на "Лавовите" беа вработени со соодветно образование и во Армијата на Република Македонија и во Министерство за внатрешни работи. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги, почитуван претставник на предлагачите.

Денеска околу дебатата за предлогот за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства за жал ова Собрание повторно не успеа да се надмине себе си и да дејствува како Собрание на Република Македонија.

Повторно мислам дека останавме закопани во нашите партиски ровови и се обидовме дебатата да ја водиме во насока на тоа кој е повеќе заслужен или кој е помалку крив за она што се случува на припадниците на безбедносните сили после конфликтот во 2001 година.

Во Република Македонија иако Владата им дала образложение на припадниците на безбедносните сили дека 2001 година била далечна година и многу време поминала, не е во ред сега да се решава ова право, според дискусиите очигледно е дека чувствата, емоциите кои што се во сите нас се сеуште длабоки и големи и дека мора Република Македонија да собере сила и да најде решение за припадниците на безбедносните сили.

Јас не учествував како дел од припадниците на безбедносните сили во конфликтот, но го дадов својот потпис во поддршка на овој закон.

Исто така, би сакал да кажам дека меѓу 67-те загинати припадници на безбедносните сили имаше претставник и од општина Велес. Тоа е Оливер Китановски, кој што загина во операциите кај селото Арачиново, сега општина Арачиново. Во таа смисла мислам дека ќе се потрудам во својата дебата да се воздржам од емотивно излагање или она што го правеа дел од колегите под голем патриотизам, туку едноставно да се обидеме ова прашање да го решиме во интерес на припадниците на безбедносните сили.

Не можам а да не спомнам дел од излагањето на моите колеги кои што рекоа дека членовите на СДСМ немаат право да зборуваат за ова прашање.

Би сакал да ги потсетам дека во 2001 година, дел од припадниците на безбедносните сили беа и членови на СДСМ. Тогаш не се бараше кој од која партија е да докаже кога се пријавуваше на повикот на Република Македонија да ја брани својата држава. Тоа што колегите од ВМРО ДПМНЕ се обидоа од 2002 година наваму да се претстават дека членовите на СДСМ не учествувале во вооручениот конфликт и тоа да си го сфатат дека е токму така нека им служи на чест.

Зборуваме за луѓе кои што испаднаа да ја бранат Република Македонија. Не е важно колеги дали биле од ВМРО ДПМНЕ, дали биле од СДСМ, дали биле од ЛДП, Дали биле од некоја друга политичка партија. Зборуваме за луѓе на кои што Република Македонија им останала должна. Зборуваме за луѓе кои што отидоа храбро да се борат, дел од нив загинаа, 67. Останаа 379 воени инвалиди и сега тие се на маргините на општеството. Дали ние треба дебатата во Собранието да ја сведеме на тоа кој бил поголем патриот. Како го мерите патриотизмот. Со тоа што ќе ги вреѓате колегите од СДСМ, или со тоа што ќе го стиснете црвеното копче да не помине законот? Тоа ли е патриотизам? Колку патриоти такви ја бранеле Република Македонија и не успеала да стане самостојна држава. Сега ви е шансата да си го покажете патриотизмот, да го стиснете зеленото копче, да дадете поддршка на законот. На тој начин ќе докажете колку сте ја сакале Република Македонија и колку ги почитувате припадниците на бебедносните сили за она што го направија за Република Македонија.

Во Република Македонија од 2001 година постои некој мораториум да се зборува за конфликтот. Сеуште не е разјаснето што всушност се случи во 2001 година, дали беше агресија, дали беше вооружен судир, дали беше борба за територии, дали беше борба за човекови права? Веројатно ќе дојде време и тао ќе се дознае.

Но, после 2001 година и Охридскиот рамковен договор не можете да негирате дека Република Македонија живее нова страница од својата историја. Ние како Македонци, ова го зборувам, се помиривме, го потпишавме Охридскиот рамковен договор, застанавме како Влада на Република Македонија во негово спроведување и решивме дека Република Македонија треба да ја градиме како заедничка држава на сите етнички заедници кои што живеат овде. И тоа функционира.

За жал има отворени прашања кои што сега не сакаме да ги решиме. Ниту ВМРО ДПМНЕ сака да

го реши статусот на припадниците на безбедносните сили, најверојатно затоа што не може да се договори со коалициониот партнер ДУИ и

Втората причина е веројатно што тоа ќе штети, доколку се реши статусот на припадниците на ОНА, на рејтингот на Владата.

Без разлика колклу ќе се обидувате ова прашање да го ставате ад-акта, ќе дојде време кога ќе мора да се реши. Би сакал и до колегите од албанската националност да упатам порака, вие треба овој закон да го поддржите за да имате морално право да барате Република Македонија да го реши прашањето и за припадниците на ОНА. Без тоа немате право да велите дека тоа прашање е врзано. Припадниците на безбедносните сили ја бранеа оваа држава како дел од легитимните безбедносни сили на Република Македонија. Со Устав дефинираната граница на бранеа.

Затоа колеги од албанската етничка заедница, ве замолувам, кои сте пратеници, да го поддржите овој закон. Да се доклажете доблесни и утре ќе имате право да излезете овде и да речете - ние бараме да се реши прашањето за припадниците на ОНА. Не мојте да ги поврзувате двете работи. Не е во ред.

Би сакал на крајот малку да продискутираме околу она што се зборуваше дека припадницитте на безбедносните сили барале привилегии, а не права. Ќе прочитам само неколку од нивните барања. Имено тие бараат да имаат ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги. Колку тоа ќе ја чини Република Македонија па да биде пречка да биде донесен овој закон. Бараат да им се определи надоместок за рехабилитација за оние што останале воени инвалиди. Чија обрвска е тоа? На Република Македонија. Бараат сместување во старечки домови, бараат вработување, бараат станбено згрижување, бараат еднократен паричен надоместок, ништо што е премногу големо за им се олесни дел од траумите кои што ги преживеале додека бил конфликтот. Објаснувањата дека во буџетот нема средства навистина се смешни. Скратете 10 од парите кои што ги давате за реклами, скратете од парите кои што давате секој ден за бесполезните патуваања по странство, ќе видите дека средства ќе се најдат.

И затоа апелирам до сите пратеници сега е еден од моментите оваа седница да покажеме дека Република Македонија и сите ние како претставници на граѓаните имаме сили да затвориме дел од тие тешки прашања и ве повикувам да го подржите законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јавени господинот Алити Рафис и веројатно овластениот предлагач.

Дали сте за реплика?

Претходно овластениот предлагач господинот Стојанче Ангелов реплика.

**Стојанче Ангелов**: Во јануари 2006 година Врховниот суд на Република Македонија донесе една апсурдна пресуда со која семејствата на загинатите и воените инвалиди треба со законска затезна камата да ги вратат парите кои што ги добиле како нематеријален надомест на штета за изгубено здравје, за изгубен татко, изгубен син, изгубен брат. Оваа пресуда се заснова врз тоа дека за безбедносните сили постоел закон за посебни права и затоа Законот за облигации не требало да важи. Меѓутоа овде се судираме со неколку проблеми.

Прво, во Законот за посебни права на ниту едно место не е предвидена оштета за воените инвалиди, додека надоместокот за нематеријаланта штета за семејствата на загинатите е понижувачки за сите члениви на семејствата околу 6 илјади евра.

Понатаму кога е во прашање овој закон треба да се почитува начелото на забрана на ретроактивно дејство бидејќи кога во 2001 година ние се боревме за оваа држава, кога ги стекнавме тие повреди или кога ги изгубивме нашите колеги не постоеше Законот за посебни права, така што за нас треба да важи Законот за облигации, односно од двата постоечки закони оној кој што е поповолен.

Понатаму друг спорен момент се овалстрените службени лица на Министерство за внатрешни работи.Според Законот за внатрешни работи, како што веќе спомнав, овластените службени лица на Министерство за внатрешни работи се должни работите од своја наделжност да ги вршат дури и кога нивниот живот е изложен на опасност, меѓутоа само кога вршат полициски работи. Тоа не се однеусува и на учество во борбени дејствија кога не е прогласена воена ссотојба, затоа што кога е прогласена воена сосотојба опасноста многу кратно се зголемува и ние имаме ситуација кога еден дежурен полицаец од Делчево кој има 50 години и голем стомак, го праќаме на пункт во Шипковица и му давеме митралез да изиграва командос.

Понатаму не може да се враќа надомест на нематеријална штета, кој е добиен совесно, поради повредеа на телото, нарушување на здавјето или смрт. Значи тоа е другиот основ поради кој Министерство за внатрешни работи не треба да ги покренува тужбите против воени инвалиди, со што сега ние, воените инвалиди и семејствата на загинатите со затезна камата ги враќаме овие пари кои никој не ги посакувал. Ваков апсурд во кој пресуда на Апелционеен суд е доказ дека некој неосновано се збогатил, нема никаде во светот, затоа што кога Министерство за внатрешни работи покренува тужби против воените инвалиди како доказ дека некој неосновано се збогатил невдува пресуда на Апелационен суд, број тој и тој.

Понатаму сакам да укажам дека парите за надомест на нематеријлна штета и во АРМ и во полицијата во најголем дел се ислптени.

Во АРМ во 2001 и во 2002 година се склучуваа спогодби за надомест на нематеријални штети. Тужеа само припадниците на полицијата и најголем дел од нив веќе ги земаа парите.

Ова наше барање не е точно дека ќе го оптерети буџетот. Ние само бараме тие пари што ги земаа воените инвалиди и семејствата на загинатите да не ги враќаат и одредбата во нашиот предлог закон е направена врз основа на сите пресуди.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници и госпоѓи пратенички, почитувани претставници од средствата за јавно информирање,

Колегата што претходно зборуваше и другите колеги кои зборуваа на оваа тема мислам дека не е во ред да ги злоупотребат чувствата на населението без разлика на кој етникум припаѓаат. Го велам тоа затоа што сите сме свесни дека конфликите, впјните било да се меѓудржавни или конфликти меѓу два или повеќе етникуми на крајот секогаш завршувале со полтички договор. Исто така и војната односно конфликтот во 2001 година заврши со политички договор кој беше компрпмис за сите нас, за сите граѓани на Република Македонија и добро е што зврши на тој начин. Меѓутоа не е во ред да добиваме политички поени и да играме со чувствата на населението или на оние кои што не поддржуваат токму нас. Јас ќе го кажам и тоа дека припадниците било н бранителите или пак припадниците на ОНА разговарале меѓу себе. Ние сме подготвени повтроно да седнеме да се гладаме очи во очи со бранителите и да ги решиме овие проблеми. Меѓутоа несреќата е во тоа што ниту Волците, ниту Лавовите, ниту орлите не го потпишале тој документ, или пак завршувањето на конфликтот како што не се потпишале и во многу други военидокументи меѓу оние кои што биле директно вклучени во конфликтот. Несреќата е во тоа што политиката, кога реков Волците, Лавовите и орлите, политиката и во текот на конфликтите и по конфликтите ја воделе лисиците. И токму прпадниците било да се тие на ОНА или пак на бранителите останале, да кажам во рацете, или пак на милост на лисиците и токму поради тоа нивната судбина не може да се реши онака како што заслужува да биде решена.

Јас жалам многу, меѓутоа ќе го кажам и тоа дека со овој Предлог на закон не се решаваат проблемите кои што би требало да се решат и токму поради тоа ние не подржуваме еден ваков Предлог закон. Инаку секогаш сме покажувале политичка волја и понатака ќе ја искажуваме затоа што проблемот било да е на бранителите или на другите што беа вклучени во конфликтот во 2001 година треба да се реши и кога ќе се понуди таков предлог закон ние ќе го подржиме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

Значи, господине Рафис Алити ќе немаше потреба од дебата во Собранието доколку вие и вашиот коалиционен партнер решивте да го подржите законот. Дури и да имавте забелшки на истиот закон беше три месеци во собраниска процедура, можевте преку Владата во договор со претставниците на безбедносните сили да се договорите што да се исправи во законот. А вака ќе остане чувството кај сите нас и кај припадниците на безбедносните сили дека не сакаме да се реши едно горчливо прашање. Како што прашањето за правата на припадниците на ОНА кај вашиот дел, кај албанското население е значајно прашање така и прашањето за правата на безбедносните сили кои се дел од легалните безбедносни структури е значајно за македонците. И тоа треба да го прифатиме и да најдеме решение да се реши.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓата Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам претседателе.

Денес пред нас колеги пратеници со 30 илјади потписи се наоѓа Предлог законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и членовите на нивните семејства.

Со овој Предлог закон приданиците на безбедносните сили на Република Македонија и членивите на нивните семејства го кренаа својот глас овде пред нас во овој законодавен дом кажувајќи ни и потсетувајќи не дека се тука во Република Македонија исто како и 2001 година кога Република Македонија ги повика за одбрана на својот територијален интегритет и суверенитет и дека ја сакаат оваа зејма исто толку колку и 2001 година кога со недвоумење застанаа на браникот на државата, но бара од нас да се сетиме дека постојат, бараат почит и респект кон нив и кон нивните семејства на што имаат право.

Сметам дека една сериозна држава е должна да се однесува одговорно кон своето минато и да покаже респект кон оние кои достинствено се одзваа на повикот да ја бранат земјата. Една сериозна земја и најодговорните луѓе во неа, политичарите пред се..

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колеги за тишина за да ја сослушаме колешката, повелете.

**Соња Мираковска:** Политичарите пред се не смеат да ја вртат главата на другата страна и игнорантски да се однесуваат кон проблемите на бранителите и кон нивните семејства. Во својот закон кој го донесоа овде припадниците на безбедносните сили многу јасно ни ги дефинираат своите барања утрвдувајќи ги своите посебни права кои сметаат дека се должни ние овде да им ги обезбедиме. А што всушност бараат од нас бранителите со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили и на нивните семејства. Кои се тие посебни права, нешто пред маклу спомна колегата пред мене.

Бараат бесплатни здравствени услуги. Смета ли некој од вас дека овие луѓе немаат право на бесплатни здравствени услуги.

**Трајко Вељаноски:** Колеги ве молам за тишина, кој сака да слуша може тука да седи, кој не надвор од сала 1. Повелете.

**Соња Мираковска:** Беа спроведени царински и даночни олеснувања, бараат вработување. Дали некој од вас смета дека немаат право на вработување и немаат право на егзистенција на нивните семејства. Бараат станбено згрижување, бараат еднократен надоместок за член на семејство за загинат или починат припадник на безбедносните сили, еднократен надоместок за воените инвалиди. Сметате ли дека за душевната болка поради смрт на блиско лице и траен инвалидитет немаат право на еднократен надоместок.

Бараат права од областа на образованието, бараат надоместок за рехабилитација, работен стаж со двојно траење во преиодот на конфликтот, бараат семејна пензија, предвремена пензија, бараат најниска пензија, сместување во старински домови. Што мислите дали за овие барања треба овде да ни се извинуваат, а почнаа пред малку да ни се извинуваат дека бараат, чувствуваат дека ние сметаме дека Владата смета дека бараат премногу. И бараат одбележување на местата каде што загинале припадниците на безбедносните сили. Дали е ова премногу? Јас како граѓанин на оваа земја се срамам кога ќе ги видам срушените обележја на местата каде што загинаа бранителите и не можам да не заплачам гледајќи ги на секоја годишнина нивните најблиски кои беспомошно се обидуваат да бараат незаборав за своите најблиски. Една сериозна држава не може да си дозволи да не го зачува споменот за своите бранители. Сметам дека денес како одговорни пратеници сме должни да го гласаме овој закон, должни сме овој закон да стане стварност. Гласајќи за овој закон, зборувам сега за себе, тоа не значи дека сум против семејствата на учесниците во конфликтот од албанската страна да не бидат обештетени. Напротив, сметам дека исто така и тие семејства не треба да се остават на заборавот од страна на ова општество, како што сметам дека не смееме да заборавиме и на учесниците и на семејствата на загинатите од војната од 1991 година, при распадот на Југославија кои веќе никој не ги спомнува.

Колеги пратеници, денес овде е повикана нашата совест. Верувам дека ќе одговориме. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Стојанчо Ангелов, повелете.

**Стојанчо Ангелов:** Ги спомнав оние судбини за кои што во неколку наврати ме обвинија само за да приближам на пратениците, да ги приближам нашите проблеми. Ќе повторам дека до сега во ниту една прилика не сум имал проблеми со поранешните припадници на ОНА, дури во повеќе наврати се случувало заедно да бидеме на смена и слободно сме разговарале за она што се случувало во 2001 година.

Господине претседател, предлагам да ја прекинете седницата, разгледајте го уште еднаш нашиот Предлог закон. Сето она што сметате дека не е добро кажете ни го, јас како овластен претставник на иницијаторот ќе го повлечам, зборувам само за оние работи кои што наводно ќе чинат многу пари. Во спротивно доколку гласате, апелирам до сите пратеници да имаат доблест и да гласаат по сопствено убедување. Доколку одлучите да гласате молам гласајте со кревање на рака, а не по електронски пат за да може целата македонска јавност да види кој пратеник е против семејствата на загинатите, кој пратеник е против воените инвалиди, кој е против сите припадници на безбедносните сили и сите оние 31 илјади граѓани кои што ја подржаа нашата иницијатива. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавено за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Молам службите претходно да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата има 70 пратеници.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 20, воздржани 39 пратеници, 10 пратеници против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Бидејќи дневниот ред е исцрепен констатрам дека 23-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Во 15,00 часот продолжуваме со 32-та седница.

(Седницата заврши во 14,00 часот)